.-

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 11 јуни 2003 година

Седницата се одржа се одржа во салата за седници на Република Македонија, со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-дин Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам да почнеме со работа.

Дами и господа пратеници ја отворам Дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Андреј Жерновски, Весна Борозан, Рафет Муминовиќ, Јанаќе Витановски, Љубисав Иванов, Слободан Чашуле, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Орданчо Тасев, Петар Наумовски, Љубчо Георгиевски, Трифун Костовски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата присуствуваат 83 пратеници и Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет, директорот на Фондот за здравствено осигурување на РМ.

Записниците од 18-та и 25-та седница на Собранието на РМ, Ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците? (Нема)

Констатирам дека записниците од 18-та и 25-та седница се усвоени без забелешки.

Пратениците: Каролина Ристова, Ганка Самоиловска - Цветанова, Агрон Буџаку, Андреј Жерновскиј, Зоран Крстевски и Исмет Рамадани, предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со “Предлог на декларација за улога на Собранието на Република Македонија во парламентарната димензија на процесот на стабилизација и асоцијација”.

.-

Предлогот на декларацијата Ви е поделен.

Молам, еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба, Предлогот на декларацијата да биде разгледан на оваа седница.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Групата предлагачи г-дине претседателе кои што сега ги именувавте, врз основа на член 66 од Деловникот на Собранието, му предлага на Собранието да се дополни дневниот ред со ставање на оваа Предлог декларација, како точка на дневен ред, од причини што итноста и неодложноста ја гледаме во тоа што по својата содржина, Предлог - декларацијата содржи ставови, кои што веруваме дека Собранието на РМ, треба да ги изрази, да ги декларира пред Самитот во Солун, закажан за 21 о.м., а со оглед на фактот дека до тој датум, немаме друга закажана седница на Собранието на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на пратениците Предлог декларацијата да се разгледува на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 83 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека предлогот на пратениците е усвоен.

Г-динот Миодраг Мицајков, судија на Уставниот суд на РМ, поднесе неотповиклива оставка.

Констатирам дека на г-динот Мицајков му престана функцијата судија на Уставен суд на Република Македонија.

По тој повод ја повикувам Комисијата за прашањата на изборите и именувањата да достави до Собранието Предлог за избор на судија на Уставен суд на РМ.

Од тие причини, предлагам Собранието Предлогот за избор на судија на Уставниот суд на РМ, наместо на денешната седница, да расправа на наредната седница на Собранието, на која ќе расправа и по Предлогот на Комисијата за прашања за избори и именувања .

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 81 пратеник, 78 за, 1 воздржан и 2 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

.-

1.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судовите, со Предлог на закон;

2. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за извршна постапка, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за култура, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законто за основното образование, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за средното образование со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за ученичкиот и студентскиот стандард со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници, со Предлог на закон

8. Предлог за донесување на закон за измена и дополнување на Законот за работните односи со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на Закон за дополнување на Законто за јавните претпријатија со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за полициска академија со Предлог на закон;

11. Предлог на декларација за улогата на Собранието на РМ, во парламентарната димензија на процесот за стабилизација и асоцијација;

12. Предлог за донесување на закон за стопанска комора на Македонија;

13. Предлог на национална концепција за безбедност и одбрана;

14. Предлог на програма за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности за 2003 година.

15. Предлог на одлука за прогласување на ден на цивилната заштита на Република Македонија;

16. Предлог на одлука за изменување на одлука за избор на претседатели и заменици на претседатели , членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на РМ.

17. Предлог на одлука за изменување на одлуката за именување на членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;

.-

18, Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Стоматолошки клинички центар “Свети Панталејмон” - Скопје.

19. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за нефрологија - Струга;

20. Предлог на одлука за огласување избор на судии на Врховниот суд на РМ'

21. Предлог на одлука за огласување избор на судии на Основните судови во Тетово и Дебар и

22. Извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2002 година.

Дали има некои предлози за изменување на предложениот дневен ред.

Има збор г-динот Чедомир Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Претседателе, со оглед на тоа што пред малку Парламентот донесе одлука да ја одложи точката за избор на член на Уставниот суд, предложен од страна на Републичкиот судски совет, можете ли да ми кажете за која седница ќе го ставите на дневен ред.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За 24-ти. Очекувам на таа седница Комисијата да достави и предлог, да не вршиме избор на секоја седница .

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Затоа што рековте на наредна седница, а тоа беше неодредено.

Значи на 24-ти.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На 24-ти меѓутоа, очекувам дотогаш имаме уште две недели да достави Комисијата предлог и за другиот судија, да немаме на секоја седница судии, заклетви итн.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Добро, благодрам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, пред усвојување на дневниот ред, пред да го дадете на гласање би побарал, поради тоа што точкта 1 и точката 2 од Предлогот на дневниот

.-
ред во врска со судовите, извршната постапка бараат двотретинско мнозинство од Парламентот. Би побарал, вие како претседател на Собранието да ги свикате сите координатори на пратенички рупи, за да се договориме во врска со овие две точки, како би можеле да поминат на дневниот ред.

Значи бараме пауза со која што вие би не повикале и би се искоординирале во врска со овие две точки.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Се работи за закони кои произлегуваат од  Уставните амандмани. Знаете ли за тоа?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Да. Знаеме. Имаме некои дилеми и би сакале да ги расчистиме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Хисни Шаќири.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Г-дине претседател, господа пратеници, почитувани министри.

Парламентарната група на ДУИ од консултациите што ги имаше во врска со дненвиот ред за оваа седница, констатира дека точката 3 од дневниот ред, Законот за култура ќе се повлече од дневниот ред и забелешките што ги има парламентарната група на ДУИ да се овозможи да се расправа на друга седница преку свој амандмент, или во координација со работите со партнерите од коалицијата, законот да има квлаитет, што се однесува до вклучувањето на интересите на другите колективитети, бидејќи овој закон се однесува со Охридскиот договор, мислам барањето на ДУИ е оправдано. Да не доаѓаме во ситуација законот да не се изгласа со мнозинството на гласови. На етничките заедници, затоа предлагам на оваа седница  да се повлече таа точка да се пренесе на наредната седница, каде што придонесот наш ќе биде многу поголем за прифаќање на овој закон со некои измени, што ние ќе ги предложиме пред Парламентот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Г-дине Стефановски, координаторот на ДУИ побара третата точка на дневниот ред:” Предлог за донесување на закон за измена и дополнување на Законот за култура”, да се повлече за наредната седница на 24-ти.

Дали го прифаќате предлогот”

.-
БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:

Се согласувам, иако за сите овие дилеми кои ги најави Хисни е водено и тоа во владина процедура и низ Комисијата . Меѓутоа, сакам тоа да биде на најдобар начин донесено во Собранието. Се согласувам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи законот се повлекува за наредната седница на дневен ред.

Станува збор за законот Предлог за донесување на закон за измена и дополнување на Законот за култура.

Има збор г-динот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Во смисла на она што беше претходно кажано би побарал, доколку има можности би побарал од министерот, со оглед на фактот дека може да се одложи за две недели да оди по една редовна процедура Законто за култура, затоа што навистина сите закони доаѓаат тука по скратена процедура и немаме простор да ги искажеме нашите ставови и аргументи во однос на Законот и на другите закони, не само на овој закон и за таа цел барам доколку не е неопходно да оди по итна постапка, да оди во редовна постапка овој закон за култура.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Законот не е по итна постапка и денес.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Во две фази зборувам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тоа е друго. Друго е по итна постапка, друго е по фази. Како сугестија министерот за култура има право да предлага.

Има збор г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, барам точката од дневниот ред, мислам дека беше 10 по новото нумерирање, законот за полициска академија да биде симнат од дневен ред на оваа седница и да биде предложен за следната седница, со образложение, нема заседавано по него Комисијата за образование и наука. Со оглед на тоа дека полициската академија е еден дел од системот за образование и наука, нема мислење од таа Комисија, па предлагам да биде закажана за следната седница.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Немаме претставник на Владата.

Без разлика, предлогот го ставам на гласање.

.-

Ве молам да се изјасниме за предлогот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 87 пратеници,  за предлогот гласале 26 пратеника.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Давам пауза од 20 минути и ги повикувам координаторите на пратеничките групи во салата до салата за седници за договор и ве молам почнуваме веднаш после 20 минути.

Го молам и претставикот на Владата за овие две точки да присуствува на координацијата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Продолжуваме со изјаснување по предложениот дневен ред.

Дали некој бара збор?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, поради дополнителни консултации во врска со точка 1 и точка 2 од предложениот дневен ред, значи точка 1 за Законот за судовите и точка 2 за Законот за извршна постапка, со оглед на тоа што се донесуваат со двотретинско мнозинство, поради дополнителни консултации бараме да се одложат за наредна седница. Да се симнат од дневен ред на оваа седница и да се одложат за наредна седница.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, господин Трајановски побара точките 1 и 2 да се симнаат од оваа седница и да ги ставиме за наредна седница.

Предлогот на господинот Коце Трајанвоски го ставам на изјаснување.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 84 пратеници, за предлогот гласале 24 пратеници.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

.-

Гласале 85 пратеници, 64 за, 2 воздржани и 19 против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Преминуваме на дневниот ред.

Минуваме на точка 1 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судовите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија ви се доставени, односно поделени.

Согласно член 98 став 5 од Уставот ан Република Македонија, овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Господин Али Ахмети бара процедурално.

АЛИ АХМЕТИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Земам учество во оваа расправа и во првата парламентарна седница, која се пренесува на директен начин на албански јазик на третиот канал на државната телевизија, каде се овозможува на граѓаните да ги следат работите на Парламентот и на албански јазик. Едно заедничко постигнување, кое уште еднаш го реафирмира нашиот јасен став дека ќе работиме интензивно за да ги реализираме во практика сите одредби од Охридската спогодба како основа од која почнува изградбата на една заедничка држава исто за сите граѓани.

Прашањето на употребата на албанскиот јазик е еден од главните принципи на Охридската спогодба по доаѓањето на власт на ДУИ, ние постигнавме албанскиот јазик да биде на корицата на пасошот, додека граѓаните да имаат во своите раце личните документи на албански јазик.

Наша цел е овие точки од спогодбата да ги реализираме во практиката. Со имплементирањето на одредбите од Охридската спогодба, кои ја регулираат употребата на албанскиот јазик, ние само го сведочиме нашето реализирање.

Нашиот стремеж кон европските вредности, каде повеќе јазичноста е предност, а не хендикеп.

Почитувани пратеници, пред нас имаме закони денес, со кои продолжува имплементацијата на Рамковниот договор во областа на правичната застапеност во јавната администрација, како што е и проектот на оваа точка од

.-
дневниот ред. Во текот на досегашното учество во Владата на Република Македонија ДУИ посебно внимание му посвети на правичното застапување на албанците, постигнувајќи преку тоа посебни резултати, посебно со обезбедувањето на поделбата на раководните места на регионалните места, на минстрите и на јавните претпријатија и здравствените центри да биде на пропорционален начин со бројот на населението. Се разбира дека во областа на правичното застапување останува и многу да се направи. Посебно, со оглед на фактот дека ние сме сега само на почеток на имплементацијата на овие начела во рамките на реформата на јавната администрација, каде албанците биле дискриминирани цели декади. За нас начелото на правична застапеност не подразбира само вработување на албанците во државниот апарат, туку и наша подготвреност да ја земеме нашата одговорност, нашиот дел од одговорноста во сите општествени политички развои. Во оваа насока би сакал да ја истакнам како посебно постигнување подобрувањето на претставувањето на албанците во рамките на внатрешното министерство што се постигна преку имплементирање на конкретните одредби од Рамковниот договор, со опфаќање на курсистите, како и именување на шефовите на полицијата, следејќи го начелото на правична застапеност.

Ние како ДИУ имаме сила да ја преземеме нашата одговорност во борбата против криминалот, меѓутоа, исто така, сакам да инсистирам на фактот дека нашето инсистирање на делување на мешаните полициски сили е поради тоа што само тие имаат можност да војуваат против криминалот и само преку нив може да ја изградиме довербата на населението во однос на полициските органи. Тргнувајќи од фактот дека правичната застапеност во сите институции и начела кои гарантираат еднаквост, не се само партиски вредности, туку и човечки вредности.

Сметам дека треба да се подржат измените кои се предлагаат во Законот кој денес го дискутираме и дека на овој начин ние оствaруваме еден чекор напред во однос на реализацијата на нашите заеднички заложби во водење на оваа земја.

Почитувани пратеници, би сакал да завршам со тоа што што ќе го истаскнам консензуалниот интерес на сите политички партии во Парламентот, а тоа е интегрирањето во НАТО и Европската унија. Сметаме дека оваа интеграција претставува наша единственас перспектива за која треба да работиме за доброто на нашите граѓани, подржувајќи ги законските проекти, како денешниот со практична работа во имплементацијта на Рамковниот договор. Ние, со ова се приближуваме

.-
еден чекор напред во реализацијата на нашите заеднички аспирации, како што е мирот во регионот и евроатланските интеграции.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави господин Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани колешки и колеги, пратеници, претставници од Владата,

Денес пред нас се наоѓа пакет од закони, чија заедничка карактеристика е обезбедувањето на правична застапенот на етничките заедници во повеќе сфери, како на пример јавната администрација, образованието и друго. Како координатор на Парламентарната група на СДСМ саскасм да го изнесам ставот на Парламентарната група по ова прашање, кое верувам  дека ќе наиде на поддршка од сите парламентарни групи во ова Собрание.

Спроведувањето во целост и навремено на обврските од Рамковниот договор за оваа Влада и ова парламентарно мнозинство е еден од највисоките приоритети. Сметам дека треба да биде вистински национален, македонски. Определбите за правична застапеност, кои ги спомнав пред малку, не произлегуваат само од одредбите на Рамковниот договор и уставните амандмани, туку и од потребата за дефинирање на нов пристап во градењето на односите помеѓу различните етнички заедници во Република Македонија. Квалитетот на овие односи особено доаѓа до израз во виталните сегменти во општеството, каде несомнено на пример спаѓа и образованието.

Потписот на Рамковниот договор, но и вербата дека неговото брзо и доследно спроведување ќе го донесе овој нов квалитет во односите помеѓу етничките заедници. Не обврзуваат како партија, но и како членови на законодавниот дом во целост да ги подржиме предложените законски решенија.

Нашите јасни декларативни заложби за исполнување на договореното треба да бидат преточени во конкретни чекори, со кои верувам ќе дадеме придонес по зголемувањето на довербата во институциите на системот и државата. Оттаму, со цел за забрзување на процесот на креирање на новата законска рамка, пратеничката група на СДСМ се откажува од можноста за поединечни дискусии по

.-
предложените законски решенија и ја дава својата целосна подршка за донесување на истите.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави господин Дарлишта, министер за правда, кој е јави како предлагач.

ИСМАИЛ ДАРЛИШТА:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, пратеници,

Причината за донесување на законот за измена и дополнување на Законот за судовите, произлегува од потребата за усогласување со одредбата односно во однос на соодветната и правичната застапеност како начело од Уставот на Република Македонија.

Имено, со амандманот ВИ на Уставот на Република Македонија е определено дека ќе се обезбеди соодветна и правнична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на заедниците во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа. Едновремено, со овие измени на Законот за судовите се определени и од потребата за создавање на правен основ за имплементација на Рамковниот договор и планот за неговото спроведување, донесено од страна на Владата на Република Македонија во февруари 2003 година. Со оваа измена се изменуваат и дополнуваат три одредби на Законот за судовите и тоа:

Со членот 1 зборовите “застапеност на националностите во Републиката се заменуваат со зборовите “соодветна и правнична застапеност на сите заедници во Република Македонија”.

Членот 2 на предложениот закон создава правен основ при вработувањата на лицата во судовите, вработувањата во однос на самостојните судски советници, на стручните соработници, судските приправници и други работници во судската администрација да се обезбеди соодветна и правична затапеност на припадниците на заедниците.

Со членот 3 истиот уставен постулат се вградува и за припадниците на судската поиција кои не спаѓаат во кругот на државните службеници.

Членот 4 го утврдува времето за влегување во сила на овој закон и неговото објавување во “Службен весник на Република Македонија”.

.-

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот министер.

За збор се јави госпоѓата Роза Топузова-Каровска.

РОЗА ТОПУЗОВА-КАРОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Пред нас се наоѓа еден корпус на закони од повеќе области. Имено, или скоро сите предвидени измени и дополнувања на законите на денешниот дневен ред, произлегуваат од потребата за имплементација на Охридскиот рамковен договор и усогласување на постојната законска регулатива со тие промени. Затоа, во таа смисла дозволете ми да го изнесам ставот на пратеничката група на ЛДП.

Еден од приоритетите на оваа власт неминовно е доследното и целосно спроведување на Рамковниот договор. Собранието на Република Македонија токму за своја задача во таа смисла треба да расправа и да донесува закони, измени на постојните, во согласност со новите потреби кои произлегоа со потпишувањето на Рамковниот договор. Иако ЛДП не е учесник во охридските преговори и потписник на Договорот, како учесник во владеачката коалиција и дел од Владата на Република Македонија, целосно стои зад досегашните промени, согласно имплементацијата на договорот, а и оние што ќе следат во текот на идното работење на Владата на Република Македонија и на Собранието на Република Македонија.

Токму поради тоа, предложените измени се со цел на усогласување со Уставот на Република Македонија и обврска повеќе за ЛДП да ги подржи како точки на дневниот ред. Имајќи ги предвид досегашните состојби, може да се заклучи дека спроведувањето на Договорот оди со побавно темпо од очекуваното, но всушност се работи за обемни, нормативни промени, кои се неопходни за да се може да се спроведе операционализацијата на Договорот. Во таа смисла сега и во идното работење ЛДП, а сметам и целиот состав на Собранието на Република Македонија треба да застане зад овие промени и целосно да се залагаме за спроведување и имплементација на Рамковниот договор, а со тоа и почитување на Уставот на Република Македонија.

.-

Во името на Пратеничката група на ЛДП изјавувам дека ќе ги подржиме измените на предложените закони и нема да расправаме по истите.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Којзеклиска.

Значи, се повлекувате од дискусија.

За збор се јави госпоѓа Самоиловска.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, членови на Владата,

Со жалење морам да констатирам дека во највисокиот законодавен дом од страна на парламентарното мнозинство и од страна на владеачките партии, продолжува тенденцијата на минимизирање на значењето и улогата на опозицијата при донесувањето на значајни одлуки од државен и од национален интерес. Се злоупотребува и понатаму механизмот на надгласување и се демонстрира еден вид сила во однос на опозицијата. Сметаме дека опозицијата е значајна институција во услови на едно демократско живеење. Не би сакале да се протолкува како неподржување на спроведување на Рамковниот договор, нашето воздржано гласање, но сакаме да упатиме сигнал до владеачките партии, до вас како претседател на Собранието на Република Македонија во иднина да ги консултирате и да ја зајакнете улогата на опозицијата во Парламентот на Република Македонија, особено при донесување на значајни одлуки, односно одлуки од национален и државен интерес.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Јас би сакал да кажам само неколку збора во врска со оваа точка. Имено, ова не е за имплементација на Рамковниот договор, туку е за спроведување на уставните измени. Значи, последица на амандманите на Уставот на Република

.-
Македонија, кои што беа направени согласно Рамковниот договор. Значи, веќе не постои Рамковниот договор, туку постојат уставните измени и согласно на тоа треба да настанат овие измени. Инаку, кога го гледаме Рамковниот договор, тогаш сигурно ќе имаме и повеќе обврски од едната и од другата страна. Само јас би запрашал дали и до сега немаше курсисти од заедниците кои не се мнозинство. Знаеме дека имаше и последните дека се практично еден процес кој продолжува а беше почнат од претходната Владата на Република Македонија.

Исто така, имаше и шефови на полициски станици, особено во Тетово, за што ние бевме жестоко напаѓани од тогашната опозиција, така што значи и тогаш беше на некој начин ова што сега сакаме да го донесеме и тогаш беше ова што сега сакаме да го донесеме, тогаш беше спроведувано. Така што јас мислам дека тоа е еден процес што трае и временски започна уште од поодамна. Значи, овој закон не е предуслов тој процес да почне, туку напротив, тоа е процес што трае.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господинто Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Навистина е нејасно за мене, затоа што од пратениците од македонската опозиција се бараше едно координирање помеѓу парламентарните групи од Републичкиот парламент и не се оправда и не се информира Парламентот во целост зошто се свика оваа координација. Некои пратеници кои не учествуваа на тие консултации им е нејасно затоа што нема никакво образложение.

Изгледа, влегувајќи во дебата, јасно е зошто се бара една пауза, една координациа помеѓу парламентарните групи, секајќи да се условат другите пратеници од македонската опозиција.

Овде не се разговара за односот позиција-опозиција. Се разговара за меѓуетничките односи во Република Макеоднија, се разговара за имплементација на Охридската спогодба. Имплементација што е потпишана од четири големи партии во Република Македонија во тоа време, две македонски и две албански партии. Сите сме зеле должност, заедно, дека заедно ќе го имплементираме без да правиме

.-
опструкции во оваа насока. Секое задоцнување на имплементацијата на Охридкста спогодба е на штета на сите граѓани на Република Макеоднија.

Ако некоја политичка партија сака да постигне нешто во оваа насока, тоа е грешка. Затоа што условувањата од тој дип се неприфатливи за демократскиот живот на една држава, за демократските држави. Затоа, во оваа насока би ги замолил пратениците да ја почитуваат искажаната политичка волја со потписот на Охридската спогодба и со измените на Уставот што се направени, што се и уставна норма, што денеска ги предлага Владата. Мислам дека таа волја треба да живее во овој момент и не треба да има опструкции од разни природи, само затоа за да не дојде до реализирање на проектите што треба да се реализираат. Можеби и е поминато време за нивно реализирање.

Од овој момент треба да разговараме за имплементација на Охридкста спогодба, да се оди со побрза имплементација, а не да настојуваме да го оспориме. Овој закон и другиот закон се гласа со двотретински број. Ако се прави опструкција, верувајте дека ништо не сте постигнале повеќе освен што сте постигнале и натаму да ја продолжите агонијата на Република Македонија. Има политички сили во Република Македонија кои не сакаат веќе да ја продолжат таа агонија. Сакаат да работат, сакаат да живеат. Сакаат заедно да го продолжат животот. Тоа може да се постигне само доколку постои политичка волја кај сите. Доколку имаат декларативна политичка волја, а тука се опструира работата на Прламентот, тогаш верувајте дека нема да има напредок, нема да има развој. Иако знаете дека во Република Макеоднија освен политичките проблеми, уставните измени и измените и дополнувањата на постоечките закони има и уште други големи проблеми, како што се економските проблеми, сиромаштијата. На граѓаните им е веќе доста од вакви опструкции и бараат ние, како Парламент да го покажеме вистинскиот пат за нивниот економски развој, за надминвуање на сиромаштијата, секако и другит епроблеми што навистина ги загрижуваат, независно од нивното политичко потекло.

Затоа, во оваа насока би апелирал до сите парламентарни групи, да не бидеме ние тие кои ќе ја попречуваат имплементацијата на Рамковниот договор, затоа што неговата целосна имплементација е поддржана. Јасно се знае, поддржана е и од ЕУ, а главен услов за Република Макеоднија е исполнување на Рамковниот договор доколку сака да се биде дел од семејството на ЕУ, каде тежнеат сите наши инспирации.

Затоа, во оваа насока би ги замолил пратениците од опозицијата да не ги условуваат другите парламентарни групи при усвојување на законите или пак овие

.-
два закони да се условуваат со други закони, затоа што секој закон е прашање за себе. За секој закон ќе дебатираме во овој Парламент и од дебатите ќе произлезат резултати, говорејќи со јазикот на аргументите. Затоа, уште еднаш апелирам да не бидеме опструкција за имплементација на Рамковниот договор, затоа што тој претставува иднина за граѓаните на Република Македонија.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Арифи.

ТЕУТА АРИФИ:

Благодарам.

Мојата интервенција е процедурална и ќе биде кратка.

Се работи повеќе за куртоазна интервенција. Би сакала да се заблагодарам и да го истакнам значењето на денешната сеанса што се трансмисира денеска, се пренесува и на албански јазик. Во оваа насока, за оваа цел би сакала да се заблагодарам и на вашиот тим за ангажманот и за вашата поддршка во оваа насока, а исто така и за подготвеноста на МРТВ што го овозможи ова преведување. Секако и на Канцеларијата на ЕУ во Скопје, на господинот Брунс кој истакна подготвеност да го поддржи овој проект, како проект што помага во изградбата на взаемната доверба.

Не е случајно што денеска, на оваа сеанса, каде што се дебатира за прашања од Рамковниот договор треба уште еднаш да го истакнеме значењсето што овие закони го имаат, значење како за опозицијата, така и за позицијата. Нашите заеднички интереси, поврзани со стабилизацијата на оваа земја треба да претставуваат приоритет кон кој што сите се движиме. Затоа, во оваа можност би сакала да кажам дека би требале да најдеме повеќе енергија за заеднички да ги поддржиме овие законски проекти.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој повеќе не бара збор.

Бидејќи никој повеќе не бара збор го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов Заклучок:

.-

Собранието го усвојува Педлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судовите.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 84 пратеници. 68 за, 14 воздржани и 2 против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на зако?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 84 пратеници, 67 за, 15 воздржани и 2 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани за менување на член 1, член 2 и за менување а член 3, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно член 89 став 5 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Во салата има присутни повеќе од две третини пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Пратениците од ПДП бараат збор).

Да завршиме со гласањето, веќе почна одбројувањето.

Гласале 79 пратеници.

(Пратениците од ПДП бараат интервенција).

Молам службите да утврдат број на присутни пратеници во салата.

(Службите вршат пребројување на присутните пратеници во салата).

Во салата се присутни 89 пратеници.

Гласањето е валидно.

Констатирам дека гласале 79 пратеници, за гласале 63 пратеници, воздржано 13 и против 3.

.-

Констатирам дека Собранието не го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за судовите.

(Пратениците Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани бараат збор).

Господин Вејсели, повелете.

Господине Рамадани повелете.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе,

Во моментот кога требаше да се гласа баравме процедурална интервенција, така што не успеавме да гласаме, ние, пратениците од ПДП. Затоа, овозможете ни да гласаме, ве молам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го уважувам барањето на двајца пратеници кои не гласале, заради забуна.

Ве молам и вие да го уважите моето барање и гласањето да го повториме.

(Во салата настана џагор, одредени пратеници креваат рака во смисла на барање збор, а одредени пратеници бараат објаснување врз основа на кој чен од Деловникот се дозволува ова барање).

Господине Вејсели, што барате сега?

Сега одиме на гласање.

Што барате?

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

(Од место)

Процедурално.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Процедурално.

Ајде, процедурално.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитуван претседателе, се разговара за закон што се усвојува со двотретинско мнозинство, со две третини од гласовите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

.-

Ве молам, само момент за да утврдиме ова негласање како да го материјализираме.

(Претседателот на Собранието се консултира со генералниот секретар на Собранието во врска со Деловникот).

После консултации во врска со начинот на гласањето, ќе го уважам негласањето, со тоа што гласањето е јавно, значи нема да го повториме, само кажете како вие двајцата гласате.

(Пратениците Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани се изјаснуваат дека гласаат за).

Значи, гласате за.

Во моментот на гласање, тие што биле во салата, само неможат и други така, ве молам од сега ќе внимаваме кога даваме за гласање. Вие двајца бевте во салата, рековте дека не сте гласале. Кажете ми како гласате?

(Пратеникот Исмет Рамадани од место, стана, без вклучен микрофон говори).

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Морам ли да станам за да кажам?

Пред гласањето, пред првото гласање ние гласно баравме процедурално. Вие не ни дадовте процедурално и отидовте на гласање. Така беше.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам.

Соопштив: кој бара збор. Почекав 5-10 секунди. Никој немаше пријавено на дисплејот. После тоа преминавме на гласање.

Гласањето беше 79 гласале, 63 за, 13 воздржани и 3 против.

Вие двајца бевте во салата и се изјаснивте дека не сте гласале. Сте сакале да гласате.

Како се вашите гласови господине Вејсели и Рамадани?

(Пратениците се изјаснуваат за).

За.

Добро.

Резултатот од гласањето е следен: гласале 81 пратеник, 65 за, 13 воздржани и 3 против.

Ве молам ...

(Пратеникот Абдиладе Вејсели говори од место, без да добие збор).

.-

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Само пред да го уважите ова, пред да го обавите гласањето јас побарав...

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Вејсели, ве молам веќе да не земате збор без да ви се даде. Подобро внимавајте кога се пријавувате, колку време ви давам јас на празен дисплеј, чекавме овде 10 секунди од искуството до сега, меѓутоа имам впечаток дека во Парламентот настанува ситуација во која после гласањето се јавува. Тоа нема да го дозволам.

Уште еднаш повторувам, тие што биле во сала а не гласале, ве молам водете сметка да гласате. Што можам јас друго да направам.

Во салата имаше 89 пратеници, гласале 81 пратеник. 65 пратеници гласале за, 13 воздржано и 3 против.

Констатирам дека Собранието не го донесе законот за изменување и дополнување на судовите.

Минуваме на точката 2 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за извршната постапка, со Предлог на закон.

Хисни Шаќири барате процедурално?

Повелете.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници, претставници на Владата,

Со оглед на фактот дека овој закон се однесува на Рамковниот договор, закон кој е системски закон и бара двотретинско мнозинство од гласовите, а се виде дека не го доби мнозинството што исто се однесува и за следниот закон кој оди со истата процедура, за кој што е потребно две третини. Гледам дека тука дел од пратениците не покажуваат сериозност во однос на обврските што произлегуваат од Охридскиот договор, јас како координатор на парламентарната група на ДУИ барам половина час пауза.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Објавувам пауза до 12,00 часот.

Продолжуваме во 12,00 часот, но ве молам немојте да се собираме повторно со три интервенции со ѕвончиња.

.-

Во 12,00 часот бидете во салата.

(Пауза).

(По паузата седницата започна со работа во 12,05 часот).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Има збор господинот Хисни Шакири.

ХИСНИ ШАКИРИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници.

Парламентарната група на ДУИ побара пауза, со цел  сериозно да му пријде на прашањето на законите кои се однесуваат на имплементацијата на Рамковниот договор. Од консултациите во рамкит ена парламентарната група дојдовме до заклучок дека за сите прашања кои се поврзани со Охридскиот договор и кои се поврзани со севкупнит еинтереси на граѓаните на РМ, мислам дека треба д аимаме посериозен пристап и треба сите да се ослободиме од  теснопартиските интереси.

Во конкретниот случај, барам од опозицијата,посебно од партијата ВМРО-ДПМНЕ која има по значаен број на пратеници во Парламентот и со оглед на фактот дека сноси одговорност, како сите ние кои сме на власт, затоа што одговорноста и обврските по однос на Рамковниот договор, не произлегуваат само од  овој состав на Парламентот, туку со чинот на потпишување, кој беше направен на 13 август 2001 година, таму се обврзаа луѓето кои сносат одговорност пред сите процеси кои се одвиваат во Македонија и сите се обврзавме, со цел да се надмине ситуацијата од 2001 година, Охридскиот договор да се спроведува според една предвидена процедура, во согласност со предвидените правила. Меѓутоа, во конкретниот случај, денес од страна на ВМРО-ДПМНЕ се условува усвојувањето на овие два системски закони со Законот за Републичкиот судски совет.

Ве молам и уште еднаш апелирам, ова не е апел на Хисни Шакири туку цеалата прламентарна група на ДУИ, што се однесува до прашањата врзани за рамковниот договор да нема условувања и да не се водиме од тесно партиските интереси затоа што тука не се пстигнуваат маркетиншки поени туку се прави едно целосно блокирање на имплементацијата на Охридскиот договор. Затоа , сечија помош, сечиј придонес е во интерес на сите процеси, во интерес на интегрирањето

.-
на РМ во евроатланските структури и во интерес на демократизацијата на земјата и перспективата и мирот во земјата. Доколку сите добро го сватиме овој концепт на работа, тогаш ќе се ослободиме од се она што претставув апредрасуда и ќе постигнеме резултати. Затоа апелирам, законот кој следи да го има и гласот на опозицијата, затоа што секаква опструкција во однос на имплементацијата на Охридскиот договор, мислам дека со тоа нема да се прават само опструкции во Парламентот, туку ќе се опструира севкупното функционирање на институциите на оваа држава.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Процедурално за збор се јавува госпоѓа Ганка Цветанова-Самоиловска.

ГАНКА ЦВЕТАНОВА -САМОИЛОВСКА:

као сериозна политичка партија ниту во еден момент не бегаме од потписот на Рамковниот договор, од неговата имплементација. Ние баравме само одлагање на овие две точки за следната седниц ан аапрламентарното собрание,.

Би сакала да истакнам дека како опозиција неколку пати укажавме дека при поддршката на спроведувањето на Рамковниот договор, јасно кажавме дека ќе полемизираме за сите детали, во однос на законските проекти, согласно Рамковниот договор и имаме право да го кажеме нашето мислење секогаш кога сметаме дека се работи за унапредувањето на демократскит епроцеси, како и за националнит еинтереси на државата.

Сметаме дека правичната застапеност не е проблем, но , истовремено покрај правичната застапеност истовремено се подметнуваат елементи кои не смао што не го зајакнуваат судството, туку напротив се врши упад во судскито систем, како и уназадување на сите демократски процеси. Затоа сметаме дкеа е потребна дополнителна консултација во која рамноправно ќе учествува опозицијата. неслучајно, значи, побаравме одлагање на овие две точки од дневниот ред, на првата наредна седница.

Инаку, уште еднаш да кажам дек ание не сме против имплементацијата на Рамковниот договор, напротив го поддржуваме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

.-

Повеќе не давам збор на никого, затоа што имаме расправа, а ниту претседателот не знае за што. Се јавувате за збор, секој си зборува тоа што сака, без дневен ред.

Преминуваме на втората точка од дневниот ред - **Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за извршната постапка, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Согласно член 98 став 5 од Уставот на РМ, овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Бидејќи законот содржи одредби кои директно ја засегаат употребата на јазиците, согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на РМ, овој закон се донесува и со мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедницит екои не се во мнозинство во РМ.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор, министерот за правда господинот Исмаил Дарлишта.

ИСМАИЛ ДАРЛИШТА:

Почитувани пратеници,

Причините за донесувањето на законот за  дополнување на Законот за извршната постапка, исто так апроизлегув аод потребата за усогласување на одредбите од Законот во однос на употреба на јазикот во постапката , со одредбите од Амандманот 5 на Уставот на РМ.

Едновремено, измените на Законот за  извршната постапка се определени и од имплементацијата на Рамковниот договор и планот за негова имплементација донесен од Владата на РМ во месец февруари 2003 година, во кој , меѓу другото е предвидено дека во судските постапки се користи и јазикот на припадниците на заедниците кој е различен од македонскиот јазик. Со оваа измена се дополнув аодредбата на член 13 од постојниот закон и се создава правен законски основ во извршната постапка, покрај макеоднскито јазик да се користи и друг јазик, кој го зборуваат граѓаните на РМ.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Му благодарам на господинот минситер.

Има збор господинот Јани Макрадули.

.-
ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, претсетавници од Владата, почитувани колеги и колешки пратеници,

Морам да ја искажам мојата разочараност од новиот модерен лик на ВМРО-ДПМНЕ, или тоа да го протолкувам, бидејки во првиот ред фалат луѓето кои беа задолжени за тоа.

Би сакал да ја потсетам јавноста дека во  членот 1 што се менува денес пишува:

"Одредбите на законот за парнична постапка кои се однесуваат на употребата на јазиците се применуваат и во извршната постака".

Што е тука спорно. Што е тоа што тука ја кочи пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да не гласа, или им треба уште дополнителна консултација за седум збора.

Колешке Самоилова Вашиот координатор на координацијата не го кажа тоа што вие го кажувавте. Да ги кажеше вашите аргументи, можеби ќе размислевме да ја одложиме седницата. Мораме да сватиме дека ова е највисок законодавен дом. Ние сме државници и мораме да бидеме сериозни, да ги оставиме приватнит еи личните интереси во однос на државнит еинтереси и малку повеќе свест да имаме. Ве повикувам да гласате.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика има госпоѓа Самоилова.

ГАНКА ЦВЕТАНОВСКА-САМОИЛОВА:

Во целост се согласувам колега Макрадули со вас  дека треба да ги оставиме личните и партиските мисли и ставови затоа во иднина ве поканувам на сите расправи да ја поканите опозицијата рамноправно да дискутира и дебатира за сите детали во врска со спроведувањето на Рамковниот договор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На сите дебати во Парламентот сте поканети.

Реплика има господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Точно, се согласувам дека треба да расправаме, не да уценуваме, госпоѓо Самоилова.

.-

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Абдулади Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Јас навистина им се чудам на некои дискутанти кои се пријавуваат за дискусија по оваа точка.

Дополнителни разговори за Оридската спогодба, ви велам, не се потребни. Охридската спогодба еднаш е потпишана и треба да се почитува. Доколку се почитува хридската спогодба се почитуваат потписите  кои го имаат ставено претседателите на политичките партии во таа спогодба.

Второ, нови спогодби за Охридскат аспогодба и дополнителни консултации за ПДП не се прифатливи. Ние не можеме да кажуваме од една страна се прифаќа Охридската спогодба, од друга страна настојувате да правит еопструкции, само со една цел да не се постигне етничка еднаквост меѓу граѓаните во РМ.

Трето, слободно можам да кажам дека овие опструкции добро ни се познати нам, меѓутоа мислам дека треба еднаш за секогаш сите да се освестиме и да кажеме дека за тоа еднаш сме се обврзале и треба да стоиме зад тоа, независно од тоа дали сме опозиција или позиција. Рамковниот договор е потпишан, Уставот е изменет. Сега на власта и останува да ги предложи законите кои произлегуваат од новиот Устав на РМ. Работа на Парламентот е дали ќе ги прифати или ќе ги критикува како  такви. Меѓутоа ког асе работи за Рамковниот договор, тука не треба да се водат дискусии затоа што тоа не е само од интерес на албанците во РМ, туку на сите нас кои живееме во РМ. Доколку и натаму продолжиме на ваков начин мислам дека навистина ќе одиме по еден погрешен пат кој ќе биде пат без повраток. Затоа уште еднаш апелирам, сите оние кои немаат намера д аго поддржат законот, добро е уште еднаш да се уверат меѓусебно дека навистина треба да се почитува. До колку не ги почитувате албанците во РМ, во најмала рака почитувајте го потписот кој што сте го ставиле на Рамковниот договор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас ќе ги замолам пратениците албанци кои го користат правото на мајчин јазик да зборуваат, да се прилагодат на потребите на преведувачите кои буквално трчаат  позади вас да ве преведат.

.-

Бидејки никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за извршната постапка.

Ве повикувам да гласаме.

Гладсале 86 пратеници, 69 за, 16 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојув апредлогот на оваа седниц ада се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 85 пратеници, 69 гласале за, 14 воздржани и 2 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворма претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Дозвоелте ми да направам само едно укажување, иако не сум сигурен дека ќе биде прифатено.

Во овој закон, всушност се внесува одредба со која се вели дек аодредбите кои важат во Законот за парнична постапка ќе се применуваат и во извршната постапка.

Само да потсетам, особено нашит еколеги од ВМРО-ДПМНЕ дека Законот за парнична постапка, со неговит еодредби е донесен минатата година ова време, на предлог на претходната Валда и изгласан во Собранието со двотретинско мнозинство. Значи истите одредби. Така што, не гледам причина овој пат да не се гласаат.

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно член 98 став 5 од Уставот на РМ, овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Бидејки законот содржи одредби кои ја засегаат употребата на јазиците, согласно точка 2 од Амандманто 10 од Уставот на РМ, овој закон се донесува и со мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во РМ.

Предлогто на закон го ставм на гласање.

Ве повикувам да го извршиме првото гласање, каде што е потребно двотретинско мнозинство, а после и второто.

.-

Ве молам да гласаме.

Гласале 86 пратеници, 69 гласале за, 16 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Законот не го доби потребното мнозинство, па второто гласање станува илеревантно.

Преминуваме на Третата точка од дневниот ред - **Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон и извештајот на работнит етела на Собранието  ви се доставени односно поделени.

Соглансо точка 2 од Амандманто 10 на Уставот на РМ, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутнит епратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во РМ.

Отворма претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следнито заклучок:

Собраието го усвојув апредлогот за донесвуање на закон за дополнување на Законот за основното образование.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 81 пратеник, 79 за и 2 воздржани.

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Дали Собранието го усвојув апредлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 83 пратеници, 80 гласале за и 3 воздржани.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворма претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на РМ поднесе амандман за менување на член 1 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 1 во воведната реченица и на став 1.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедницит еподнесе амандман за менвуање на член 1.

.-

Комисијата за образование, наука и спорт поднесе амандман на член 1, за менување на новиот став 3 и истите сите три комисии ги повлекоа.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Почитувани пратеници Ве потсетувам повторно дека согласно точка 2 од амандманот Џ на Уставот на Република Македонија законот се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 80 пратеници, 76 пратеници гласале за, и 4 воздржани.

Молам да спроведеме гласање на пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Ве молам да гласате со кревање на рака.

Кој е за, молам да крене рака?

(20 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

На седницата присуствуваат 20 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија, а од нив за предлог законот гласаа сите 20 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за основното образование.

Минуваме на точката 4 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за средното образование, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Согласно точка 2 од Амандманот Џ на Уставот на Република Македонија и овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон

Молам, кој бара збор?

.-

Има збор пратеникот Неждет Мустафа.

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Процедурално. Навистина сум среќен и сакам да го изразам моето задоволство по Информацијата на госпоѓата Теута дека денеска веќе официјално почнуваат да се емитуваат седниците на албански јазик. Но, должен сум според потребата и барањето на уредниците на другите заедници при Македонската телевизија да го известам Собранието, а и Вас почитуван претседателе дека емисиите на другите јазици по емитувањето на третата програма при Македонската телевизија престануваат да се емитуваат емисиите од другите заедници. Така што барам од вас и од генералниот директор на Македонската телевизија брзо да се најде решение да не се изостават емисиите на другите заедници, туку да се најде адекватно решение како да ја одржат кондицијата за емитување на своите содржини.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на укажувањето. Јас разговарав со директорката на МРТВ да не направи тој пренос пореметување на правата на другите заедници и мислам дека ќе се бара решение.

Процедурално, господинот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Во контекст на она што претходно беше искажано од колегата пратеник, сакам да го замолам секретарот, или претседателот на Собранието за објаснување, бидејќи имаме превод од македонски јазик на албански јазик на слушалките кои што ги користиме при нашата работа тука. Дали е тоа заради преносот на третата програма и дали е тоа согласно деловникот.?

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Да. Како што знаете од денеска согласно Законот и можностите во Собранието, Собранието дава еден сигнал и до МРТВ 3, на третата програма паралелен каде што собранискиот сигнал го предаваме така како што е оригинално. Што значи, тој што зборува на македонски, на македонски, тој што зборува на албански, на албански. Третата програма на МРТВ за свои потреби согласно нивната уредувачка потреба дел од тие дискусии ги преведува, или објаснува на албански јазик за потребите на Третата програма. На еден од каналите на собранискиот систем за преведување е уклучен сигналот на третата програма на МРТВ, не е преведено од сигналот од собраниските служби. Слушнав дека и

.-
новинарите прашувале. Еве и на вас и на нив истиот одговор го давам. Собранискиот систем го акцептира сигналот од третата програма само кога има пренос. Кога нема пренос нема да го акцептира. Тоа е како израз на добра волја да може кој сака од пратениците албанци да го слуша доколку се преведува од таму и како се преведува, тоа не е во наша надлежност. Нашата надлежност е само преводот од албански на македонски и тој се зрачи службено. Другиот е превземен сигнал од МРТВ 3, телевизиски.

Имс збор Теута Арифи.

ТЕУТА АРИФИ:

Само сакав да зборувам во врска со реакцијата на пратеникот Мустафа. Нашето барање и ангажирање за пренос на третиот канал фактички во никаков случај не е тенденција за воспоставување, или за правење нерамноправност во однос на другите заедници. Во овој правец ние баравме од директорката на Телевизија програмите на другите етнички заедници исто така да имаат директен пренос. Напротив, ние и натаму ќе поддржуваме програмски развој и на другите етнички заедници, не само на албанската, бидејќи сметаме дека општите вредности, многујазичноста дури на ваков начин само води чекор напред кон интегративните процеси во правец на едни многу поинакви концепти.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со добра волја ќе ги решиме проблемите постапно во интерес на сите во тие денови кога има собраниски седници. Тоа се три, четири, пет дена месечно.

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за средно образование.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 79 пратеници, 76 гласале за и 3 се воздржале од гласање.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 79 пратеници, 76 гласале за и 3 се воздржале од гласање.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

.-

Отворам претрес по  текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 1 во воведната реченица и на став 1 со кој се согласил претставникот на Владата и тој  е составен дел на Предлогот на закон.

Продолжувме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам согласно точка 2 од амандманот Џ на Уставот на Република Македонија законот се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 78 пртеници, 75 гласале за и 3 воздржани.

Ве молам да гласаат припадниците на заедниците кои не се во мнозинство, со кревање на рака.

Кој е за, молам да крене рака?

21 пратеник гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

На седницата присуствуваат 21 пратеник кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Од нив за предлогот на закон гласаа сите 21.

Констатирам дека  Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за средно образование.

Минуваме на точката 5 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за ученичкиот и студентскиот стандард, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Согласно точка 2 од Амандманот Џ на Уставот на Република Македонија и овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, дали некој бара  збор? (Никој)

.-

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за ученичкиот и студентскиот стандард.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 77 пратеници, 74 гласале за, 3 воздржани.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, 66 гласале за и 1 воздржан.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 1 во воведната реченица и на став 1 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот Џ на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутни пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 76 пратеници, за гласаа 75 пратеници и 1 пратеник се воздржал од гласање.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедници кои не се во мнозинство да гласаат по законот.

Кој е за, молам да крене рака?

20 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

.-

На седницата присуствуваат 20 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Од нив за предлогот гласаа сите 20.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за ученичкиот и студентскиот стандард.

Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници.

Предлогот за донесување на закон, со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени и поделни.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор Исмаил Дарљишта, министер за правда.

ИСМАИЛ ДАРЉИШТА:

Со измените и дополнувањата на Законот за државни службеници во 2002 година во Законот е инкорпорирано начелото на соодветна и правична застапеност на заедниците, односно на граѓаните кои припаѓаат на заедниците и вработувањето во органите од законодавната, извршната и судската власт како и на органите на единиците на локалната самоуправа. Со денес предложените измени во членовите 1 и 2 од Предлогот се врши имплементација на уставното начело, односно во членот 11 од основниот текст на Законот се уредува постапката за вработување преку објавување на јавен оглас во најмалку два дневни весници како и составот на Комисијата за спроведување на постапката за вработување. Додека пак во членот 3 од Предлогот се врши измена на членот 82 од Законот со што се создаваат законски и службени услови за решавање на прашањата поврзани со вработените државни службеници во органите на кои се применува Законот кога ќе дојде до укинување или обединување на органот, потоа намалување на надлежностите, намалување на обемот на работа, или промена на внатрешната организација поради што ќе биде неопходно укинување на определен број работни места.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господинот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници, изгледа пракса станува на Владата кога се работи за донесување и усогласување на законите кои што претставуваат имплементација на уставните амандмани, а кои што се однесуваат на првичната и соодветна застапеност на граѓаните кои што

.-

припаѓаат на етничките заедници да се користи за внесување на мала врата на едни решенија кои што суштински менуваат некои прописи кои што досега беа важечки. Имено, јас како пратеник на ВМРО-ДПМНЕ, а сметам и сите колеги пратеници од мојата пратеничка група во целост се согласуваме и ги поддржуваме членовите 1 и 2 од Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници каде што децидно е наведено дека огласите за вработување на државните службеници се објавуваат најмалку во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните припадници на заедниците, како и додавањето во ставот 3, точката каде што се заменува со запирка и каде што се додаваат зборовите: при што да се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници. Истовремено целосно се согласуваме и со додавањето на нов член 17-а кој гласи: органите од член 3, став 2 и 3 од Законот за државни службеници да донесуваат годишен план за соодветна и правична застапеност на зедниците што го доставуваат до Агенцијата и Агенцијата донесува упатство за содржината на планот од став 1 на овој член. Меѓутоа, чуден е предлогот кој што се однесува на измените на членот 82 кој што апсолутно нема никаква врска со имплементацијата на уставните амандмани, односно со имплементацијата на Охридскиот договор. Имено, во сега важечкиот закон за државни службеници во член 82 став 1стои дека во случај на намалување на надлежностите на органите од член 3 на овој закон, или на обемот на работата, или ако поради тоа има потреба од намалување на бројот на државните службеници, државниот службеник кој ги извршувал тие работи може да се распореди во истиот орган на работно место во исто, или пониско звање. Во став 4 на истиот член 82 во сега важечкиот закон за државни службеници стои дека кај распоредувањето во смисла на став 1 од овој член предност имаат државните службеници со подобра оцена на работата. Со предложените измени овие ставови на членот 82 се менуваат и гласат: во случај на укинување, или обединување на органот, намалување на надлежностите, намалување на обемот на работата, или промена на внатрешната организација со укинување на работните места заради структурни промени. Во органите од член 3 на овој закон државниот службеник кој ги извршувал тие работи се распоредува во истиот орган на работно место во исто, или пониско звање.

Значи, покрај во случај на намалување на надлежностите на органите од став 3, кои се наведени во ставот 3 на членот 3 на Законот за државни службеници и на обемот на нивната работа, со предложените измени се предлагаат

.-
и нови случаи, и тоа: укинување или обединување на органот, како и еден не многу среќно дефиниран случај на промена на внатрешната организација со укинување на работните места заради структурни промени. Мислам дека предлагачот ова треба поаналитички да го објасни и да каже што сакал да каже со оваа формулација. Дилемата која се јавува во овој предлог е фактички целта што се сака да се постигне со овој Предлог на закон, особено што распоредувањето на државниот службеник беше предвидено и во досегашниот Закон за државни службеници, но сега се зголемуваат случаите во кои државниот службеник може да се распореди и тоа: со едноставно укинување на работното место, кое ќе биде образложено со структурни промени во органот и тоа не само што ќе може да се распореди на овој начин на работно место во пониско знање, туку со примената на член 82 став 2 од Законот, доколку државниот службеник во рок од еден месец не биде распореден, му престанува вработувањето.

Со оваа измена, фактички, им се овозможува на функционерите кои раководат со органите од член 3 од Законот за државни службеници, со едноставно укинување на некое работно место и со тоа што државниот службеник нема да биде распореден во рок од еден месец да го отпуштат од работа секој државен службеник кој од било кој причини одлучиле да го остранат од работа.

Оттука, со овие измени не е целта усогласување на Законот за државни службеници со уставните амандмани, што како целосно го поддржувам, туку истовремено во остварувањето на оваа цел се сака на мала врата да се создаде можност за остварување на намерата на власта да врши отпуштање од работа според волонтаристички и политички мотиви и причини.

Од овие причини, јасна е намерата преку аргументацијата - имплементација на уставните амандмани во законските текстови, истовремено да се извршат и измени на законите кои значат остварување на политички цели на партиите на власт, односно реализација на започнатата активниост за отпуштање од работа на сите оние кои не се морално политички подобни само од една причина: биле вработени и распоредени од страна на претходната Влада.

Заради ова што го наведов досега, сметам дека овој предлог за донесување на измени на Законот за државни службеници не се предлага заради имплементација на Рамковниот договор, туку поради други прижини кои се оправдуваат со реализација на тој ист договор. Тоа се потврдува и со предложените измени на член 82 став 4, во кој се наведени случаите: кога за определен број државни службеници престанала потребата за работа, при распоредувањето

.-
предност имаат државните службеници и тоа: самохран родител односно усвоител на дете до 7 години, родител со потешко хендикепирано дете, инвалид на трудот или еден од брачните другари што се вработени кај ист работодавец. Тоа значи дека оние кои немаат ваква предност ќе бидат отпуштени од работа. Тоа ништо друго не би можело да значи затоа што логиката е таа и сметаме дека на овој начин со аргументација - реализација на уставните амандмани и соодветна и правична застапеност на етничките заедници во Република Македонија се врши директно изменување на суштински одредби на овие закони кои значат овозможување на функционерите кои раководат со овие органи самоволно, од причини кои само на нив ќе им бидат познати, да распоредуваат и отпуштаат од работа, односно да го отпуштат од работа секој оној кој ќе одлучат да го отпуштат. Сметам дека ова не е дозволиво.

Затоа, на предлагачот му предлагам да ги повлече измените на членот 82, а да ги изгласаме измените кои што се однесуваат на правичната и соодветна застапеност на заедниците и кои се однесуваат на Годишниот план за реализација на правичната и соодветна застапеност на заедниците.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Како што ни е познато на сите, Законот за државни службеници се регулира со правни закони во однос на сите државни институции. Со предлгот за донесување на закон за дополнување на Законот за државни службеници, како што може да се види и од образложението, целта на предлагачите е да се направи хармонизација на одредбите на овој закон со уставните измени со Амандманот ВИ, кој се однесува на адекватно преставување на сите граѓани. По се изгледа, со овие измени се прави обид да се направи имплементација на оваа уставна норма, а по усвојувањето на овие измени се надевам дека ќе дојде и до практична реализација на оваа законска норма. Ова го велиме поради фактот што со Предлог законот се предвидува и една нова законска одредба, која ги обврзува сите државни служби на локално и централно ниво да изградат Годишен план за адекватно и правично преставување на сите вработени во државните институции. Се надевам дека преку

.-
овие планови во сите државни органи ќе дојде до правично преставување на сите граѓани.

Истата обврска, како што реков и претходно значи не само за органите на централната власт, туку и на локално ниво. Кога на ова ќе се додадат и другите предлози кои ги имаме на денешниот дневен ред, а пред се би го нагласил Предлогот за дополнување на Законот за работни односи и Предлогот за изменување и дополнување на Законот за јавни претпријатија, се надевам дека Амандманот ВИ на Уставот, на крајот на краиштата, ќе се имплементира и во практика.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Мустафа.

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, почитувани министри,

Сакам да ја искористам оваа можност, барем од мој поглед, да кажам дека за ромската заедница ова е една историска можност да можат и другите заедници да се интегрираат, согласно Предлогот за дополнување на Законот за државни службеници, при што сакам гласно да го изразам моето задоволство од ставот 3 на членот 1, во врска со правичната застапеност на сите заедници во Република Македонија и со тоа се дава гаранција на мултиетничноста на Република Македонија. Сметам дека токму во овој закон, врз основа на Рамковниот договор и неговата имплементација се отвора силна можност за една правична интеграција на заедниците во Република Македонија.

Тоа би го кажал во врска со овој закон. Би сакал гласно да кажам дека ќе го поддржам овој Предлог на закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој повеќе не бара збор.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државни службеници.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале вкупно 63 пратеници, 51 за, 5 воздржано и 7 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

.-

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 60 пратеници, 51 за, 3 воздржано и 6 против.

Ги молам службите да утврдат број на присутни пратеници.

(По проверката од страна на службите).

Гласањето го поништувам, 60 пратеници се присутни.

Ги молам пратениците што се излезени да влезат во сала. (Неколку пратеници влегуваат во салата).

Ве молам да го повториме гласањето.

(По гласањето).

Гласале 58 пратеници, 52 за, 4 воздржано и 2 против. Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 1 за менување на став 2 и за бришење на став 3 и на член 2, во новиот член 17-а став 1, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот.

Молам, дали некој бара збор по текстот на предлогот на законот? (Никој).

Го заклучувам претресот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Гласал 61 пратеник, 54 за, 3 воздржано и 4 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за државни службеници.

Преминуваме на 7-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за работни односи, со Предлог на закон.

.-

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за работни односи.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 64 пратеници, 60 за и 4 воздржано.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 59 пратеници, 55 за, 4 воздржано.

Ги молам службите да утврдат број на присутни пратеници во салата.

(По проверката од страна на службите).

66 пратеници се присутни, гласањето важи. Значи, заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 62 пратеници, 59 за, 3 воздржано.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 1 во новиот став 1, на став 2 и за додавање нов член 1-а по членот 1.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во новиот став 1 и на став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

.-

Има збор г. Максуд Али, заменик министер за труд и социјална политика.

МАКСУД АЛИ:

Согласно спроведувањето на Рамковниот договор, еден од законите што треба да се изменат и дополнат е и Законот за работни односи. Со Законот се предлага одредбата која создава правен основ за примена на начелото за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во јавните установи и јавните претпријатија и други правни лица ...

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Максуд, преминавме на расправа по амандманите. Заврши расправата, расправаме по амандманите. Дали претставникот се согласува со амандманот на член 1 во новиот став 1 и на ств 2, поднесен од Законодавно-правната комисија, со кој се согласил повереникот на Владата.

МАКСУД АЛИ:

Да.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, се согласувате со амандманот.

Амандманот станува составен дел на предлогот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а по членот 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со амандманот се согласил повереникот на Владата.

Дали претставникот на Владата се согласува со амандманот.

МАКСУД АЛИ:

Да.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

И тој станува составен дел на предлогот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор по текстот? (Никој).

.-

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 63 пратеници, 61 за и 2 воздржано.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи.

**Преминуваме од 8-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за јавните претпријатија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за правда господин Исмаил Дарлишта.

ИСМАИЛ ДАРЛИШТА:

Причините за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за јавни претпријатија исто така се наметна од потребата од усогласување со начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Значи, предложените измени се во функција на обезбедување конзистентност на правниот систем и усогласеност на законите со Уставот на Република Македонија, како и со измените на Законот за државни службеници, таму е инкорпорирано ова начело, исто така бараме и Законот за јавни претпријатија да се вметно ова уставно начело.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Мавровски:

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе.

.-

Во овој предлог за донесување на закон за дополнување Законот за јавните претпријатија, со Предлог на закон исто како и овие претходни закони, имплементација на Рамковниот договор мислам дека истото што беше кажано за претходното со исклучок на Закконот за државните службеници, каде г-динот министер не најде за сходно да го повлече членот 82 кој беше надвор од контекст на сето ова, но јас би сакал да поставам неколку дилеми во однос на овие закони, посебно за Законот за јавните претпријатија, бидејќи во моментов се многу интересни случувањата со Електростопанството на Македонија.

Дали со новите законски акти значи отпуштање на вработените кои се вработени предходните четири години и правање простор утре под превезот на Рамковниот договор да бидат примени вработени кои ќе го задоволуваат само тој критериум. Тоа е првата дилема која ни се наметнува и која ја гледам дека е така.

Другото прашање е дали при отпуштањето на вработените кои во моментот работат во Јавните претпријатија исто ќе се запазува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници т.е. дали ќе се отпуштат 20% од другите заедници или тоа ќе важи само за македонскиот народ, а другите бенефиции за вработувањето ќе важат за сите заедници.

Оваа дилема се наметнува со последните случувања во синдикалните избори во РЕК “Битола” и во “Електростопанството” со што е направен директен упад ми дава за право и покрај заведените судски спорови од страна на избраниот синдикат на вработените, раководствата ќе си ги изведуваат работите по свој терк и продолжуваат да ја убедуваат јавноста дека се во право, а ги прекршуваат основните човекови и работнички права.

Дали со сите останати акти ќе биде така? Во склоп на сето ова мислам дека треба да се поведе сметка за имплементацијата а не се злоупотребува во насоки како моментално е тргната работата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Г-дине претседателе, почитувани пратеници,

Мислам дека ваквиот пристап во одредувањето на законите кои би требало да ја регулираат материјата на јавните претпријатија е надвор од секоја логика на поддршка на пазарна економија и прашањето на компетентност и стручност во работата на тие јавни претпријатија.

.-

Тие само по основ на капитал се државни претпријатија, се друго за нив важи од доменот на регулативата која РМ ја има во делот на трговското работење на фирмите, па спрема тоа мислам дека воведуваме една лоша пракса која ќе поттикне еден процес на или отпуштање од дел на претпријатијата за да се задоволи овој критериум, а второ, мислам дека на одреден начин сме надвор од една друга работа, у тре кога дел од тие претпријатија ќе се приватизираат, што тоа ќе значи. Случајот со Југохром,  токму спротивното го покажа каде од логиката на инвеститорот се појде и таму, колку што знам, тој сооднос не е задржан, туку е надминат, некаде преку 40% од вработените што беа задржани се Албанци, па не значи дека денеска ќе седнеме и ќе бараме да се применува Рамковниот договор по тој основ. Нормално позицијата на работната сила ќе се влече и од условите под кои одредено претпријатие, ќе работи и потребите што ги има. Мислам дека ова е деградација на економскиот поредок во Македонија и јас ќе гласам против.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Колку што можам да видам пред мене имаме предлог за донесување на закон за дополнување и изменување на Законот за јавните претпријатија. На сите треба да ни биде јасно дека амандманот 6, е многу јасен и зборува за институциите од јавен карактер. Значи не станува збор за трговски друштва, за акционерски друштва или други форми на друштва, туку станува збор за претпријатија од јавен карактер. Во оваа насока навистина незнам претходниот говорник што сакаше да каже.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

на Законот за јавните претпријатија.

Ве Собранието го усвојува Предлогот за донесување на  закон дополнување повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 58 за, 3 воздржани и 1 против.

.-

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 58 за, 1 воздржан и 1 против.

Значи некој ја напуштил салата.

Го поништувам гласањето и ги повикувам пратениците кои излегоа да влезат.

Го повторуваме гласањето.

Ве молам да гласаме.

Гласаа 63 пратеници, 61 за, 1 против и 1 воздржан.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 58 за, 1 против, 1 воздржан, а во салата има 63 праеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се прересе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Законодавно правната комисија поднесе амандман на член 1 во новиот член 37-а со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжувам со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор по текстот на законот.

.-

Никој не бара збор.

Го заклучувам претресот по тексетот,

Предлогот на законот го ставам на гласаме.

Ве повикувам да гласаме.

Во системот имаме грешка.

Ајде повторно да гласаме.

Гласаа 58 пратеници, 58 гласаа за, а во салата беа присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собрнаието го донесе законот за дополнување на Законот за јавните претпријатија.

Минуваме на точката 9. - Предлог за донесување на закон за полициска академија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието на РМ, Ви се доставени односно поделени.

Ве известувам дека согласно точчка 2 од амандманот 10, на Уставот на РМ, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во РМ.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара Збор?

Има збор г-ѓа Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, ќе ги изнесам моите забелешки по предлогот на законот за полициска академија.

На почетокот не можам а да не го изразам моето големо изненадување за барањето на Владата на РМ, да се достави предлог закон за полициска академија до Парламентот кој треба да се донесе по итна постапка. Ако се земе во предвид

.-
фактот дека Владата на РМ во 1994 година со истиот премиер кој е денес со Одлука на тогашната влада го укина Факултетот за безбедност по Предлог на тогашниот министер за внатрешни работи г-динот Љубомир Фрчковски.

Но, да се вратам на сегашниот предлог на закон.

Делумно се согласувам со образложението на Предлогот за донесување на закон за полициска академија, посебно во делот под наслов Оценка на состојбите во областа што треба да се уреди со Законот во кој се вели: сепак со укинувањето на редовното високо образование од оваа област поради укинувањето на Факултетот за безбедност како и престанувањето со запишување на ученици во Средното полициско училиште се создаде своевиден вакум што имаше далекусежни негативни последици во областа на обезбедувањето на континуираното образование на кадри за потребите на МВР и за другите безбедносни структури во РМ. И во овој случај изостанува одговорноста на тогашната влада за непромислениот потег што тогаш го направи чии последици последниве години добро ги почувствувавме. Меѓутоа, образложението дека постојните институции за образование на кадри, за потребите на МВР според своите образовни содржини и форми беа во функција на целите и потребите на поранешниот општествен систем и уредување така што нивното укинување беше логична последица на новите барања што ги наметнаа промените на вкупниот политички и економски систем во РМ, претставува голема небулоза, бидејќи изостанала неопходноста за брзо реформирање на тогашниот центар за образование на кадри од областа на безбедноста по европски терк, а не целосно да се укине.

Исто така е нејасно зошто не е прифатен елаборатот за формирање на полициска академија за едукација и обука на кадри што Владата на РМ го усвои во јуни 2000 година, каде беа изоставени држгите форми на образование како што се високото образование, стручен степен, специјалист, научен степен магистер и доктор на науки, бидејќи во овој период нема потреба од таков кадар, а до таков заклучок дојде и актуелното раководство на Министерството за одбрана, со донесената одлука во наредните три години да се замрзне запишувањето на нови питомци на воената академија.

Меѓутоа, дека не постои координација помеѓу овие две клучни министерства за одбрана и безбедност иако министрите се од иста политичка партија покажа и донесената одлука на министерот Костов за поништување на четвртиот конкурс за

.-
прием на кандидати за мултиеничка полтиција и исклучување на едниот од условите при прием на кандидатите, а тоа е отслуженот воен рок. Иако Секторот за правни и кадровски работи во МВР укажа на неопходната од тој услов додека Министерот Бучковски за подофицери ќе прими кандидати од други националности согласно Рамковниот договор по нивното отслужување на воениот рок не правејќи ја истата грешка.

Во прилог на ова оди и фактот дека претстои прогласување на технолошки випок меѓу другите и во МВР што секако укажува дека во следните неколку години Министерството ќе нема потреба од кадар од овој профил.

Предлогот на законот содржи и други нелогичности и непрецизности за што се надевам дека министерот за внатрешни работи ќе даде одредени појаснувања. Имено, во Глава 7, под наслов "Наставно научни и соработнички звања" на страница 12 се потенцира дека работниците на определени работни места во Академијата носат униформи на припадници на полиција и се сметаат за овластени службени лица согласно законот за внатрешни работи.

Во членот 8 од Законот за внатгрешни работи не е предвидена можноста овластени службени лица да работат надвор од министерството прифаќајќи го фактот дека полициската академија е посебен правен субјект коиј не е во рамките на Министерството.

Членот 8 од Законот за внатрешни работи е јасен. Работите на непосредно одржување на јавниот ред и мир, регулирањето и контрола на сообраќајот на патиштата, контрола на преминувањето преку државната граница, безбедноста на езерата како и други работи од членот 1 на овој закон чија природа или услови бараат да ги извршуваат униформирани работници на Министерството ги врши полицијата., Полицајцитре се униформиран дел на Министерството кои на униформата носат ознаки на чинот и се вооружени и опремени.

Исто така, за мене лично голема нејаснотија претставува и тоа зошто идната полициска академија нема обврска дипломираните студенти да ги вработи во определен краток рок во МВР ако се знае дека речиси нема друга институција која бара вработување на ваков кадар.

.-

Во членот 50 од Предлог законот на страница 13 стои: студент стипендист на МВР кој ќе ја заврши академијата се здобива со право да стапи на работа во МВР во согласност со актот на систематизацијата на работните места во Министерството. Сметам дека во овој член мора да стои обврската на Министерството за вработување на сите завршени студенти на полициската академија.

Не можам а да не спомнам за проблемот кој ќе се јави со прифаќањето на овој Предлог закон на оваа седница, бидејќи во членот 63 на страница 15 стои дека академијата ќе почне со работа во учебната 2003/2004 година кога знаеме дека конкурсите за запишување на сите други високообразовните институции се објавени пред неколку недели.

Временскиот теснец за објавување на конкурс за прием на кандидати за мултиетничка обука на полицијата и во досегашниот период одеше со големи тешкотии, знаејќи го фактот дека за новата полициска академија покрај конкурсот приемот на кандидатите бара овеќе време за лекарски прегледи, за интервјуа на кандидатите и проверка на Управата за безбедност и контраразузнавање што треба да ги изврши за сите потенцијални кандидати што треба да отпочнат во оваа учебна година со настава.

Земајќи ги во преедвид сите погоре споменати забелешки на Предлог законот за полициска академија, сметам дека секое брзоплето донесување на овој закон ќе не доведе во непријатна ситуација за релативно кратко време повторно да дискутираме за промени на законот за полициска академија што лично мислам дека никому не му оди во прилог.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници од Владата, почитувани колеги,

На почетокот сакам да кажам дека во работата на Комисијата за безбедност и одбрана Предлог законот за усвојување на Законот за полициска академија се поддржа од сите пратеници, членови на Комисијата, исто така и од нас членови на

.-
ДУИ иако во текот на претходната дискусија се изразија дилеми околу тоа што е тренингот и што со учесниците кои ќе завршат во полициската академија односно средното образование за тренирање на полицајците. Се надевам дека е една последица на непознавање на спецификата на униформираната работа и можам слободно да истакнам дека начелолто на функционирањето на полициската академија ќе биде слично со функционирањето на воената академија што подразбира дека кадарот што ќе се запише како студенти за тренирање на полицајци ќе бидат кадар кој со определен дел ќе има преходно предвидени и работни места според формациите на униформираниот дел на полицијата односно на специфичните работни мета предвидени со систематизацијата во МВР.

Исто така, како значајно треба да се каже дека и концептуалните определби на Република Македонија во областа на безбедноста се во насока на тоа критериумите да бидат слични и компатабилни со меѓународните критериуми. Инсистираме на едукација на кадарот во полициската академија да кореннспондира со тоа што е тренд на едукацијата на овој кадар во Европската заедница, во земјите на НАТО, каде и ние имаме стремеж да се зачлениме.

Затоа сметам дека Министерството иако многу малку време има пред себе, сепак ќе постигне бројот на кадетите за средното образование за тримесечниот период, односно четири месеци, до октомври ќе може да ги подготви сите претходни работи, здравствените контроли кои претходно беа споменати, имајќи предвид дека другата структура која треба да овозможи функционирање на процесот на едукацијата во академијата, веќе постои и во овој правец нема никаква загуба на време.

Исто така, сакам да нагласам дека Предлогот на законот инкорпорира и определби на Министерството во однос на уставните измени со амандманите од оваа фаза на вклучување на кадрите во едукативниот систем да се почитува пропорционалното учество и адекватното учество на сите етнички групи и заедници во Република Македонија. Во овој правец секоја дилема мислам дека е елиминирана и останува на Министерството и на луѓето кои што ќе бидат на чело на наредната полициска академија да им посакам добра и успешна работа, со надеж дека од оваа институција ќе произлезат кадри кои ќе знаат да ги почитуваат и да ја вреднуваат потребата на сите граѓани на Република Македонија. Се надевам дека ќе имаме кадри кои што ќе бидат во служба на заедницата.

.-

На крајот, сакам да кажам дека парламентарната група на ДУИ ќе гласа за во врска со овој предлог закон, со што ќе го дадеме својот придонес за решавање на вакумот кој што постоеше во последно време.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Стојановски.

НЕЛКО СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван господин претседател, почитуван министер, почитувани колеги,

Пред нас е донесувањето на законот за полициска академија и претпоставувам дека повеќето од нас си го поставуваат прашањето кои се причините за донесување на еден ваков закон за формирање на една ваква институција.

Јас мислам дека и за лаиците треба да биде јасно, а за упатените уште повеќе, дека напорите Република Македонија да ја изградиме како демократска и правна држава, ја наметнува потребата од постоење на кадри кои ќе бидат соодветно едуцирани и опремени со соодветни вештини и знаења. На тој начин ќе може да се носат со едно од најголемите зла на современото македонско општество со криминалитетот. Криминалитетот како најтежок вид на социјална девијација, односно како најтежок вид на социопатолошка појава во современи услови, добива нови форми односно настанаа промени и во криминалната феноменологија, но и во неговата етнологија, бидејќи се работи за големо општествено зло, денеска секое општество настојува што е можно поуспешно да ја организира борбата против криминалитетот. Секако, не треба да се гајат илузии дека тој може да се искорени, бидејќи се покажа дека тој до сега постоел речиси во целата човекова историја, но во секој случај треба да се работи на негово редуцирање, односно не треба да се биде заради тоа дететист и да се смета дека борбата со него е бескорисна. Ова дотолку повеќе што се покажува дека на него може да се влијае односно на неговата структура и на неговиот обем.

Досегашната научно проучување на овој феномен покажа дека основен услов за ефикасна и организирана борба за сузбивање на криминалитетот е неговото научно проучување. Научното согледување на овој феномен во неговата целокупност и во сите негови битни димензии, обем, причини за настанување, развиток, појава на облици и структура и т.н. е потребно за превентиванта и

.-
репресивната политика за сузбивање на криминалитетот. На тој начин ние би створиле барем сигурни основи во борбата против него и во изнаоѓањето на најпогодни методи во борбата со него.

Научното познавање им е потребно особено на оние кои ќе работат врз практични задачи за сузбивање на криминалитетот. Покрај тоа како мошне важна значајна причина за донесување на овој закон е тоа што криминалитетот во современи услови добива многу потешки форми, а особено тука е значајна денеска борбата против организираниот криминал. Само да ги истакнеме проблемите кои не се само наши а тоа е трговијата со луѓе, трговијата со оружје, трговијата со droги, современите форми на тероризам, перење на пари, корупцијата и т.н.

За да би можела полицијата успешно да се спротивставува, да ги спречува и открива ваквите дела потребно е да постојат образовани стручњаци кои ќе можат да изнајдат начин за борба со се пософицираните форми на криминалното делување. Криминалитетот е мошне сложена појава. Посматран во својата целокупност како општествен фенмен тој е резултат или резултанта на низа разновидни, но во основа општествени детерминанти. За да се објасни криминалитетот науките треба дас испитаат огромни општествени структури и нивното дејство на човекот, но и од друга страна ставовите на луѓето спрема фундаменталните вредности на општествените заедници. Значи, во основа мора да се создадат вистински научни залучоци за криминалитетот, како би навлегле во криминалната етиологија односно да се објаснат причините за неговото појавување и за неговото постоење.

Имам впечаток дека вработувањата лица без соодветно образование што беше подвлечено и од други колеги овде, без соодветно образование, без соодветни познавања на криминалитетните и криминолошките науки, како и на корпусот на општествените науки, науките за безбедноста, има за последица неспособност на тие кадри успешно да се носат со безбедносните проблеми, со безбедносните појави и состојби.

Покрај овие причини треба да го спомнеме и фактот дека Република Македонија изградува и стратегија за интеграција со Европската унија и со северно атланската алијанса. Таквите аспирации перманентно треба да водат кон внесување на квалитетно нови содржини во сите области на општествениот живот, вклучувајќи ги тука и реформските процеси во безбедносните структури во нашата земја и внесување квалитетни новини во системот на едукација и обука на безбедносните кадри. Потребата од нов начин на едуцирање на кадри компаративно се налага како

.-
би се обезбедила компатабилна законодавна и институционална рамка во областа на образовниот систем на безбедносните кадри во Република Македонија.

Полициската академија што се предлага да се форира ќе придонесе на една нова основа да се обучуваат полициските кадри и ќе претставува добра институционална рамка за вршење на образовна дејност од областа на безбедностас. Таа ќе овозможи покрај основна полициска едукација и специјална едукација однонсо ќе овозможи еден целосен систем на адуцирање на оваа област и развивање на научно истражувачката работа, односно ќе доведе до нови научни сознанија за овој феномен.

Заради спомнатите причини ЛДП ќе го подржи донесувањето на овој закон за полициска академија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Есад Рахиќ.

ЕСАД РАХИЌ:

Почитуван претседателе, драги колеги пратеници, почитуван министер и други претставници на извршнат власт.

Ќе се обидам со неколку реченици да ја кажам мојата определба зошто ќе го подржам овој закон, иако според мене има некои работи кои што може да бидат направени подобро. Дел од нив се прифатени низ предлозите на амандманите кои ги даде комисијата, а за дел од нив се надевам дека имаме време во текот на оваа дискусија што не ни беше до крај разјаснето ќе ни стане појасно и ќе успееме да направиме еден закон кој доследно ќе ги имплементира сите придобивки што ние ги имаме во развојот на демократијата.

Прво, ќе почнам од почеток, како што рече колешката, донесувањето на овој закон по итна постапка, според мене ја детерминира итноста со уписната политика. Сметам дека токму заради тоа, иако во принцип сум при носењето на вакви закони да се почитува одредена постапка, донесувањето на предлогот на законот и на законот по итна постапка, сметам дека треба да се направи час поскоро, токму заради тоа за 10-тина дена да се извршат техничките подготови за прием на нови студенти на полициската академија.

Она што го кажа колегата Талат Џафери дека искуството постои и дека една генерација токму сега завршува и тука нема да има проблеми со неискуство и слично. Исто така и она што го рече колешката Бонева дека една условно речено

.-
грешка или неправда со укинување на средното училиште и Факултетот за безбедност и општествена самозаштита да потсетам дека беше во рамките на поранешната држава и на овие простори еден од најквалитетните и единствен каде што полицијата тогашна од повеќе тогашни поранешни републики и држави ги стекнуваа првите искуства мислам дека ќе се врати на тоа ниво.

Она што посебно ја терминира потребата од носење на закон за основање на полициска академија е токму она што повеќето дискутанти го кажаа, големиот развој на организираниот криминал и неговата форма бара осовременување на кадри кои ќе бидат подготвени да се спротивстават на тој кримнал.

Потоа, мислам дека со донесувањето на законот за основање на оваа академија, досегашното вработување без критериуми и политичкиот волонтаризам во креирање на кадрите во Министерството за внатрешни работи ќе биде надминат. Еден од условите или основите заради кои јас ќе го подржам и покрај одредените дилеми овој закон е што ние по ова ќе ја усвоиме и националната концепција за безбедост и одбрана која со носење на овој закон и основање на оваа полициска академија ќе даде тотална подршка.

Да завршам, со она што го рече и колегата Талат Џафери, на Комисијата за безбедност и одбрана сите колеги дадовме позитивно мислење и рековме дека сите ќе гласаме затоа што сметаме дека носењето на овој закон и основање на полициската академија е неопходна.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Абдуладу Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата,

Од многу пратеници се рече дека навистина има потреба од донесување на еден ваков закон, затоа што го видовме недостатокот на еден ваков закон вотекот на изминатите години, каде во органите на Министерството за внатрешни работи, не зборувам само за униформираните полицајци, туку и во администрацијата на Министерството за внатрешни работи се вработија некомпетентни лица, лица кои навистина немале и не ги дава потребните резултати. Затоа мислам дека основањето на полициската академија ќе биде во функција на производ на еден соодветен кадар, професионален кој ќе може да се соочи со

.-
должноста која им се дава и сигурно дека по завршувањето на полициската академија тие ќе се оспособат и ќе можат да создадат способности раководни и организациони за да продолжат со нивната работа во овој многу значаен ресор во Владата на Република Македонија.

Го прочитав и анализирав законот и моите забелешки за основање на полициската академија се од една друга природа со која се соочуваме секојдневно. Овој закон кога го прочитав и со право ми се постсавува прашањето, но мислам дека прашањето се поставува пред сите нас каде е местото на албанците во овој закон. Законот не ги дели граѓаните по национални основи, по етнички основи, но сме имале едно горко искуство од средното образование за производство на полицајци иако законот ја гарантира правичната застапеност и адекватна во полициската академија, ова е повеќе од вистина, но гарантира само упис. Во средното полициско училиште имаше квоти за упис на немакедонците, тие што не припаѓаат на другите етнички заедници во Република Македонија, но верувајте од примените 20% завршуваат 2% или 3% поради непознавање на официјалниот македонски јазик кој беше во тоа време. Денес, по уставните измени, по Охридската спогодба која често ја спомeнуваме, мислам дека е попатно гледајќи ја и политичката желба што постои меѓу политичките субјекти кои функционираат во Република Македонија ќе требаше во овој закон да се опфати и јазикот на учење за да може секој да продолжи со школување на својот мајчин јазик, така како што функционира Педагошкиот факултет во Скопје, така како што фукнционира Факултетот на Југоисточниот факултет во Тетово кои се дозволени наставата да се продолжи на нивен мајчин јазик, затоа што имаме потреба, така како што има потреба на Педагошкиот факултет и на Југоисточниот универзитет за производство на кадар во кој ќе дава настава како во средното образование и кадар кој ќе влезе во државната администрација. И овде имаме потреба да имаме еден кадар кој ќе биде потребен за државната администрација, односно за Министерството за внатрешни работи.

Затоа не е исто за еден ученик кој завршил средно образование, ова се однесува на албанците, и кој потоа ќе продолжи на македонски јазик да ес очекува да биде еднаков со неговиот македонски колега. На тој начин, се разбира, тој како прво нема да биде еднаков со него и

Второ, нема да може да ги постигне резултатите на еден македонски ученик, студент, чиј мајчин јазик е македонскиот, а на албанецот мајчин јазик му е албанскиот, особено со оглед на фактот што тој средното образование го има завршено на својот мајчин јазик, односно албански.

.-

Затоа, мојата сугестија во оваа насока е да внимаваме и според можностите во овој закон да се вклучи како наставен јазик во полициската академија и да биде албанскиот јазик иако во еден член се наведува дека за наставните предмети односно за употребата на јазикот во полициската академија ќе се делува во согласност со Законот за високо образование во Република Македонија, за кој веќе знаеме дека се прават обиди да се измени. Затоа ќе има потреба уште еднаш овој закон да дојде во Парламентот, со цел да се направат измени и дополнувања во однос на употребата на јазикот.

Мисласм дека тука треба да направиме еден чекор напред, со цел да се вклучи албанскиот јазик како наставен јазик во полициската академија, затоа што е премногу потребно, неопходно, во законот веќе постои дека 23% треба да бидат албанци, односно дека треба да има правична застапеност во полициската академија. Тоа подразбира не само за албанците, туку и за сите други етнички групи кои живеат во Република Македонија, но употребата на јазикот се однесува на таа заедница која претставува над 20% од населението, а тоа значи албанците. Зато би сакал евентуално еден одговор или можеби мислење, гледам дека со законот не е предвидено такво нешто, но би било добро да се направат дополнителни консултации со цел да се инкорпорира во овој закон и употребата на албанскиот јазик.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Иван Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Почитуван претседател, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Ги ислушав сите дискутанти во однос на Законот за полициска академија и сите го кажаа истото дека неопходно е донесување на еден ваков закон, односно основање на полициска академија. Претходниот дискутант, господинот Вејсели, кажа каде се албанците во однос на овој закон за полициска академија, а и самиот напомена во конкурсната, односно во уписната политика дека во членот 33 стои “во академијата се пропишуваат критериуми за соодветна застапеност на припадниците на заедниците”.

Од другиот аспект што го кажав во однос на јазикот, јас се согласувам дека тука треба да се доработува и доусовршива законот, меѓутоа не само од аспект на

.-

јазикот. Зконот од едно мое гледиште треба да се усовршува и да се доусогласи со постојниот Закон за високо образование, се јавија некои дилеми кај мене од аспект на тоа што во првиот член кажува дека Академијата се основа како државна високообразовна установа, од областа на безбедноста. А сепак во Законот за високо образование, јасно и децидно се кажува, што всушност, претставува високо образовна установа. Значи тука треба да има некоја доработка на законот и неспорно е дека треба тој пак да дојде во некоја нова форма да се најде пред нас пратениците овде во Собранието. Потоа имав една дилема околу наставата, односно основање на академија на постдипломски студии, поточно во делот на магистарски и докторски студии. Меѓутоа, побарав од службите да ми обезбедат како е тоа регулирано во соседните земји, Албанија, Бугарија, Србија, Хрватска и Словенија, каде што исто така постојат вакви академии и би се осврнал конкретно на Албанија, каде што за прв пат во 1919 година е основана една ваква средна школа која во текот на времето се доработувала, се усовршувала и официјално во 2000 година таа е преиначена во Полициска академија и истата година е вклучена во системот на универзитетско финансирање. Значи таа доаѓа под капата на универзитетот.

Исто така, дилема која е кај мене е од аспект на автономијата на Полициската академија, бидејќи сепак во Законот за високо образование е кажана автономијата на универзитетот. Така да, не само тоа што го кажа колегата Вејсели на доработка на Законот околу јазикот, туку треба да работиме и на доработка на Законот околу усогласување со некои членови од Законот за високо образование. Всушност, самиот термин Академија има повеќе значење. Едно од битните е дека тоа претставува школа која е на ранг на факултет или високостручна школа. Затоа, во Законот за високо образование е кажано дека високата стручна школа може да обавува настава во вид на постдипломски студии во делот на специјалистички студии кои што се со времетраење од една година.

Значи, јас давам целосна поддршка на овој закон кој е неминовен и отворање на една ваква полициска академија, а тоа исто би го поткрепил и со фактот што на Факултетот од кој што јас доаѓам, Факултетот за физичка култура има виша тренерска школа, која според мои сознанија, а имав прилика и да предавам на таа школа, според мои сознанија досега се едуцираа над 200 студенти кои се припадници на МВР. Тоа го покажува само интересот на припадниците за внатрешни работи кои сакаат да го продолжат своето образование. Така да, ова е само еден мал податок кој покажува за заинтересираноста на припадниците на МВР за

.-
доедуцирање и образование и се надевам дека академијата ќе има успешна работа во насока на едуцирање на кадрите од обласга на безбедноста и затоа давам безрезервна поддршка на овој закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Анастасовски.

Има збор господинот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Господине претседателе ќе дадам неколку објаснувања ако имам можност. Двата претходни дискутанта дадоа неколку информации и јас би сакал да дадам други информации. Првенствено ако се анализира членот 7 од Предлог-законот за полициска академија и членот 185 од Законот за високо образование ќе констатирам дека овие два члена, значи членот 7 и членот 185 за високо образование, содржат едно правно начело на кој лекс специјалис во практика ќе значи дека сите прашања кои не се регулирани со Предлог-законот за кои станува збор, за тие прашања кои не се регулирани со овој закон ќе се применуваат одредбите од Законот за високо образование. Неоспорен факт опфатен во членот 7 од овој закон.

Кога сме кај употребата на јазикот неоспорен факт е дека со дотичниот закон употребата на јазикот не е предвидена . И  покрај тоа се дозволува можноста доколку Законот за високото образование кој се надевам дека во иднина ќе претрпи промени, предвидува една таква можност во институциите од државен карактер да се дозволи уптребата на албанскиот јазик согласно со членот 7 од овој предлог-закон, тоа ќе се случи.

Значи, повторувам уште еднаш, сите прашања кои не се регулирани со законот како лекс специјалис ќе се регулираат со лекс генералис или Законот за високо образование. Ова го сведочи членот 7 од Предлог-законот за кој станува збор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара зобр? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Пред да преминеме на усвојување на заклучокот на Предлогот за донесување на закон, молам службата да утврди точен број на присутни пратеници во салата.

Има доволен број на пратеници.

.-

На Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за Полициска академија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 61 за и еден воздржан.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 59 за и еден воздржан.

Во салата има 63 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 20 став 4, член 23 став 1, алинеја 11, член 33 став 1 и на член 56.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 29 за додавање нов став 3 по ставот 2, на член 31 за менување на став 2, на член 33 за додавање нов став 3 по ставот 2, член 35 став 2 за додавање нов став 3 по ставот 2 и на член 54 и тие се составен дел на Предлогот на законот и за овие амандмани рокот за поднесување на амандмани тече до крајот на расправата.

Се согласувате ли да продолжиме малку со работа? (Да продолжиме).

Имаме четири-пет амандмани.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 4, поднесен од ЗПК.

Со амандманот се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандмант е составен дел  на предлогот на текстот.

.-

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 1 алинеја 11, поднесен од ЗПК.

Со амандманот се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот е составен дел на предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 33 став 1, поднесен од ЗПК.

И со овој амандман се согласил повереникот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот е составен дел на предлогот.

Отворам претрес по амандманот на член 56, поднесен од ЗПК.

Со амандманот се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот е составен дел на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара зобр по текстот на законот? (Никој).

Го заклучувам претресот по текстот.

Дозволете да ве потсетам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од

.-
присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, сите гласале за.

Молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата. По наша информација има 61 пратеник, меѓутоа да провериме.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Гласањето е валидно.

Молам да гласаат пратениците на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Кој е за Предлогот на законот ве молам со кревање на рака.

Дали е некој против?

Дали има воздржан?

Протв и воздржани нема.

На седницата присуствуваат 15 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија. Од нив за законот гласале 15. Никој не гласал против и воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Полициска академија.

Објавувам пауза до 15,00 часот).

Денес ќе работиме до 17,00 часот.

(Пауза од 14,00 до 15,10 часот).

По паузата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Минуваме на точката 10 - Предлог на Декларација за улогата на Собранието на Република Македонија во парламентарната димензија на процесот на стабилизација и асоцијација.

Предлогот на Декларацијата Ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлог на Декларацијата.

Молам кој бара збор?

Има збор госпоѓа Каролина Ристова.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

.-

Почитуван господине претседателе на Собранието, почитувани министри, колеги и колешки пратеници,

Ми претставува чест и задоволство во името на групата пратеници во која покрај мене се вклучени и пратениците Ганка Самоилова Цветановска, Агрон Буџаку, Андреј Жерновски, Зоран Крстевски, Исмет Рамадани, па ви ја предлагам за усвојување Декларацијата за улогата на Собранието на Република Македонија во парламентарната димензија на процеост на стабилизација и асоцијација.

Дозволете ми по овој повод да ги изложам накратко причините за нашиот предлог до Собранието, да донесе една ваква Декларација, како и накратко да ги изнесам основните ставови содржани во оваа Декларација.

Како што подетално е наведено во самото образложение на декларацијата, постојат две основни причини за донесување на ваква Декларација.

Првата причина е Солунскиот самит, закажан за 21 овој месец, на кој меѓу другото за прв пат се поканети да присуствуваат и државите од процесот на стабилизација и асоцијација. Тоа не е случајност, бидејќи една од ударните точки на дневниот ред на состанокот на Европскиот совет, ќе биде и разгледување на прашањата за афирмирање на самиот процес на стабилизација и асоцијација и тоа во насока на зајакнување на неговиот асоцијативен елемент.

Ако Европскиот совет како највисок форум каде што се одвива политичката волја на Европската унија на највисоко политичко ниво во Европската унија, одлучи позитивно по ова прашање. Самитот би имал историски карактер, особено за нас.

Оттука, предлагачите на оваа Декларација, веруваат дека Собранието на Република Македонија, треба да донесе пригодна Декларација во која ќе ја реактивираат стратешката определба на нашата држава и нејзините граѓани за членство во Европската унија, како и да ја реактивира својата улога пред се, како законодавен дом во остварувањето на оваа цел.

Втората причина за предлагање на оваа Декларација е со комуникацијата на Европската комисија во Советот и во Европскиот парламент, под наслов Западен балкан и Европската интеграција, од 21 мај оваа година и Резолуцијата што Европскиот Парламент ја усвои минатиот четврток на 5 јуни оваа година. и двата документа се донесени во пресрет и во функција на Самитот во Солун и во кој Комисијата и Европскиот Парламент респективно ги искажуваат своите констатации и предлози до Европскиотсовет, за тоа што треба да се менува во политиката на Европската унија кон регионот, вклучително за нас како Парламент е посебно значајно и мислења и предлози за парламентарната димензија.

.-

Во овие документи има значајни идеи и предлози, во однос на кои ние предлагажите веруваме дека Собранието ќе треба да ги изрази своите ставови , исто така во функција на Самитот во Солун.

Дозволете ми сега почитувани колеги и колешки пратеници да го свртам вашето внимание и вниманието на македонската јавност на одредени елементи од самата содржина на оваа Предлог Декларација.

Една од главните идеи во расправата што треба да се промени и зајакне во процесот на стабилизација и асоцијација, што се дискутира и во Европскиот парламент и на парламентите опфатени со процесот за стабилизација и асоцијација, а овде можеме да додадеме и дека тоа се истакнува и на владино ниво е зајакнувањето на парламентарната димензија на овој процес.

Со други зборови, да се изнајдат начини, форуми и инструменти, па и финансиски програми, со кои ќе се зајакне улогата на националните парламенти во Европската интеграција на државите од нашиот регион, особено земајќи ја предвид нивната улога на законодавец, кој треба да изработи лавовски дел од она што евроинтеграцијата меѓу другото, ако не и главното го подразбира.

Секако, го подразбира усогласувањето на националното законодавство со она на Европската унија. Во оваа смисла Декларацијата содржи неколку стаови, со кои ние упатуваме порака и даваме генерална политичка подршка на оваа заложба за зајакнување на улогата на националните парламенти, поконкретно преку:

Прво, наше политичко обврзување преку оваа Декларација дек анајмалку еднаш годишно ќе одржуваме посебни собраниски седници посветени на состојбите со евроинтеграцијата на Република Македонија. Можни се и повеќе вакви седници, но минимумот е еднаш годишно и то априродно по објавувањето на Извештајот на Европската комисија за РМ. На ваквите седници, секако ќе го анализираме извеШтајот, ќе ја каниме Владата и секој министер поединечно да се изјаснува по точки од извештајот кои се однесуваат на областите, кои што тој конкретен министер ја покрива . Ќе анализираме колку ние сме го завршиле нашиот дел од работата, каде каскаме во усогласувањето со европското законодавство и секако ќе дискутираме што понатаму да се презема. На овој начин, меѓу другото, ќе ја оствaруваме својата задача, не само во однос на контролната функција спрем аВладата, тука би додала можеби и само контролна функција на нашиот дел од работата, туку и на овој начин ќе направиме многу во поглед на информирањето и мобилизирањето на македонските граѓани за процесот на евроинтеграцијата на нашата земја и промовирањето на европските вредности.

.-

Понатаму, со Декларацијата се предвидува и наше политичко обврзување низ конкретни облици на внатрешно-парламентарно организирање ефикасно да ја извршуваме законодавната функција во однос на усогласувањето на домашното законодавство со она на ЕУ, пред се, усвојување на посебни процедури за донесување на таквите законодавни проекти и преку конституирање и профункционирање на Комисијата за европски прашања.

Со оваа Декларација сакаме да го изразиме и да го испратиме нашиот став до Европскиот парламент и Европската комисија, зато аи во самата Декларација се предвидува дека Декларацијата ќе биде пропратена во овие институции на европските заедници, дека ние имаме позитивен однос и ја охрабруваме дискусијата за одредени нивни предлози за конкретни форми на зајакнување на парламентарната димензија во проццесот на стабилизација и асоцијација. Имено, во споменатите документи на Европарламентот и Комисијата се предлага Европскиот парламент, наместо сеганата една единствена делегација за соработка со сите држави од Југоисточна Европа, по изборите, евро-изборите во 2004 година да се формираат билатерални делегации за секоја држава посебно, вклучително и за нашата држава односно за соработка со нашиот Парламент. За нас би бил мошне позитивен ваквиот развој, бидјеки со тоа би се зголемил интересот и бројот на евро пратениците кои ќе работат и ќе го следат нашиот регион, што не е мала работа ако се земе предвид дека Евро-парламентот соработува на глобално ниво, но во поголем интензитет и обем, отколку што е тоа на пример случајот со нашиот Парламент и ако се земе предвид огромниот број н апрашања, со кои што евро-пратениците се окупирани внатре во рамките на ЕУ, така што би било тешко да се одржува интересот, нивниот интерес, особено во континуиран облик спрема регионот. Ваквиот начин на билатерални делегации сметаме дека ќе направи голем исчекор напред.

Со Декларацијата ние би ја поздравиле и би ја охрабриле идејата на Европарламентот, еднаш годишно под негово покровителство да се остварува средба со претставници на националните апрламенти на државите членки на ЕУ, националните парламенти на државите кандидати за членство и националните парламенти на државите опфатени со процесот за стабилизација и асоцијација. Ако оваа идеја се спроведе во реалност, тоа ќе значи развивање на она што јас би го нарекла чувство на европска семејност, не само кај нас, туку и кај припадниците на националните парламенти на државите членки на ЕУ, а исто така тоа ќе ни даде можност овие парламентарци на националните парламенти на државите членки на

.-
ЕУ, да ги известуваме правовремено и да ги држиме во тек, да ги информираме за главоболките и адутите на нашиот процес на евроинтегрирање, што не е мала работа, ако се земе предвид улогата што националните парламенти на државите членки на ЕУ ја имаат во постапката за пристапување во членство во ЕУ, каде Што тие практично го имаат конечниот збор за тоа која држава ќе се придружи во ЕУ.

Во овој правец е и реафирмацијата на посветеност на нашиот Парламент за соработка со националните парламенти од регионот и во таа смисла сметаме дека Собранието треба преку оваа Декларација да заземе охрабрувачки став и за предлогот на Европската комисија, да ја разгледа можноста во рамкит ена процесот за стабилизација и асоцијација да се формира балканска конференција на националните парламентарни комисии за европски прашања, со перспектива тие да добијат специјален статус во рамкит ена конференцијата на парламентарните тела за европски прашања, позната како КОСАК.

Конечно, за зајакнувањето на парламентарната димензија не е можно ако во рамките на средствата, програмите и инструментите што ЕУ ги планира и ги дава за државите од процесот за стабилизација и асоцијација, не се предвидува значаен удел и подршка за националните парламенти. Ова мроа посебно да се нагласи, бидејки нашиот Парламент, а не само нашиот треба да се избори нашата шопинг листа на ЕУ, да не биде само Владина, туку треба да бид еи парламентарна. Ако ние како Парламент вршиме лавовски дел од работата, треба да ни се помогне на значаен начин со програмите на ЕУ, слично како тоа што дсе прави во однос на Владата. И, нам ни требаат средства за техничко, стручно, експертско, јазично и друго екипирање и помош.

На крајот, почитувани колеги и колешки пратеници, би сакала да го потенцирам фактот дек акако пратеник и како граѓанин на државата Македонија горда сум што во оваа Предлог декларација е подржана , морам да додадам, со голем ентузијазам од пратеници од различни политички парламентарни групи во овој Парламент, дури можам да кажам дека пола се од позицијата, пола од опозицијата, пратеници од двата пола и пратеници од различна етничка припадност. Тоа е вистинска демонстрација н апримена на европските вредности во работата на Македонскиот Парламент.

Ви благодарам за вниманието и се надевам дек аоваа Предлог декларација ќе биде усвоена.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

.-

Благодарам

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници и минситри,

Сакам како еден од потписниците на Предлогот декларација, коај Ви е доставена да го изразам своето мислење дека преку оваа Декларација, навистина, ќе дадеме уште еден импулс на општо прифатливиот консензус на сите политички фактори, а верувам дека и на поголемиот број граѓани во РМ за приклучување на РМ во европското семејство. Иако, Република Македонија, односите со ЕУ ги има регулирано со Спогодбата за стабилизација и асоцијација, сепак, ние на овој начин во пресред на Самитот во Солун, ќе треба да дадеме дополнителен импулс, бидејки парламентарната димензија на евроинтеграцијата е фактор кој го зајакнува тој процес внатре во РМ.

Но, во оваа прилика сакам да упатам и една забелешка, критика на внатрешната организација на Собранието иако во нашата структура на комисии постои, Комисија за евроинтеграции, ние сеуште ја немаме конституирано и ја немаме одржано седницата , так ашто со тоа ја намалуваме можноста поголем број на пратеници да се вклучат во процесот на усогласување хармонизацијата на нашето законодавство со протоколите , директивите и сите оние позитивни акти кои ги гради ЕУ.

Исто така, мислам дека изостанува еден посеопфатен однос на Владата спрема Парламентот кога се работи за процесот на интеграција, а тоа можеби преку прифаќањето на оваа Декларација и прифаќањето на условите, најмалку еднаш годишно Парламентот да расправа по оценките и ставовите на Европската комисија, мислам дек аќе биде дополнителен импул и Владата почесто да го информира Собранието на РМ за степенот на иницијативи и усогласеност на внатрешното законодавство со законодавството на ЕУ, како и посебно со реформите кои се составен дел на процесот на интеграцијата, вклучувајки го и програмот за подигањето на квалитетот на услугите и производството во РМ, како еден важен предуслов да се зголеми трговската размена на РМ со земјите членки во ЕУ. Во тој поглед, исто така, изразувам благодарност, на колешката Ристова, која ја даде оваа првична иницијатива и што ги обедини пратениците од сите пратенички групи да ја предложат оваа Декларација.

.-

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ;

Почитуван претседателе, дами и господа,

Можеби е ред и ние д акажеме некој збор, не е ред да кажеме некој збор и во име на пратениците кои ја имаат предложено оваа Предлог декларација. Но , како и да е ние секогаш имаме што да кажеме со самиот факт, според мое мислење, оваа декларација или овој предлог, за оваа декларација која се менува во однос на претходните декларации на претставниците на парламентарните групи во сите други состави на овој Парламент. Затоа што, оваа изјава на еден начин одговара на некои активности, кои се случија во една хронологија и за кратко време во структурите на ЕУ, поаѓајки од Европската комисија, комуникацијата на Европската комисија со Советот на Европа и со Европскиот Парламент. И, доколку ја следиме ова динамика и овој ред на активностите, што во овој случај и припаѓаат и на парламентарната димензија на процесите на стабилизација и асоцијација, тогаш оваа декалрација , може да се каже, има посебно значење, затоа што сугерира , обврзува и бара наше реорганизирање во Парламентот. Што значи ова? Ова значи дека, доколку ние одлучуваме за добра соработка со Европскиот парламент и со другите структури од ЕУ, некогаш можат да бидат и неформални или формални, за самиот факт дека другите институции како Министерството за надворешни дработи или другите минситерства во рамките на Владата, секогаш овие комуникации ги прават со протоколи и средби кои се да речеме, некогаш и многу ограничени. Неслучајно на еден начин се покануваат парламентите на државите кои и припаѓаат и на димензијата на стабилизација и асоцијација, на еден начин да се интензивира комуникацијата, но да се формализира. Доколку вака почнат работите , ние треба да се подготвиме и овде да се организираме како парламент да се знае каква комисија , каква парламентарна група, кои ќе бидат тие кои во името на Парламентот , покрај се разбира претседателот на Парламентот, можат да одлучат комуникации кои ќе одат во наш прилог. Покрај другото, ова помага да ги обврзиме и другит еинституции, затоа што ние како Парламент, доколку бараме тие да се донесат според стандардите и барањата на контабилните институции на ЕУ, тогаш ние првенствено како Парламент и како парламентарци, треба да бидеме на ниво на

.-
нашата должност и потоа да бараме тие институции да имаат комуникација каква што треба.

Исто така, тука е многу значајно да го земеме нашето легитимно право после соодветната комуникација со Њвропскито парламент за комуникацијата да биде што е можно подобра и тука внатре со просечниот граѓанин, со обичниот граѓанин. Така, на одреден начин таа комуникација да се воспостави и на ниво на она што го бараат европските стандарди.

Мене ме радува фактот дека вакви иницијативи има се повеќе како налик на оваа декларација или пак Одлуката што беше донесена тука за формирање на Комисија за европски прашања, но би сакал да дадам една забелешка дека кога ги носиме одлуките, малку треба да бидеме поажурни и да ги формираме, на пример еве, како што е со случајот за Комисијата за европски прашања. Можеби има повеќе од еденипол месец откако сме ја усвоиле Одлуката за формирање на Комисија за европски прашања, таа сеуште не е конституирана.

Исто така, имав впечаток дека оваа декларација ког аќе се подели и ќе се достави до институциите на ЕУ, уште еднаш ја потврдув анашата заложба за зачленвуање на Република Македонија во Европската Унија. Затоа што, како да имам впечаток дека Европскиот парламент и другите структури, би рекол условно и водечки структури на ЕУ, го имаат зголемено своето интересирање во однос на овој регион односно се позаинтересирани овој регион да се приближи односно да се интегрира таму каде што му е местото.

Со оглед на тоа дека сме на прагот на Самитот кој ќе се одржи во Солун , треба и ние да бидеме што покохерентни , а и да бидеме во тек со активностите, затоа што јас би илустрирал, еве на пример, има предвидувања дека проектот за Уставот, проектот за Европскиот Устав кој се подготвува за 2004 година, значи Уставот на Европската Унија, може да се случи и тоа да биде ставено како точка на дневен ред на состанокот на Европскиот совет во Солун.

Затоа, ова на извесен начин дава можност постепено ние да се внесеме и во процедурите кои се однесуваат на конституирањето на едно многу поефикасно функционирање на ЕУ и на нејзините органи.

Како и да е, јас се надевам дека ние тука и одговараме на една желба и волја на нашите граѓани и на сите, како што беше кажано пред малку, независно од нивната политичка определба или национално или верско потекло. Затоа што сите анкети од меѓународните организации што биле направени кажуваат дека над 90%, дека 95% од граѓаните многу брзо одговараат кога им се поставува прашањето дали

.-
се или не се за европска интеграција. Нивниот одговор, над 95% е потврден. Со оглед на фактот дека сме ние нивни претставници, тогаш тртеба да работиме во насока таа можност да им ја дадеме на граѓаните на Република Македонија.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Хасипи.

ЌЕНАН ХАСИПИ:

Господине претседателе, јас сакам процедурално нешто да изнесам овде.

Бидејќи во овој момент треба да отпочне на третиот канал на Македонската радио телевизија програмата на турски јазик, сакам да ја прекинете седницата или, доколку постои техничка можност, а мислам дека нема пречки, програмата на турски јазик да се пренасочи на првата програма која при седниците на Собранието на Репулика Македонија е наменета за пренос на седницата. Во тој случај може да продолжи седницата. Мислам дека треба да излеземе во пресрет на една етничка заедница за која што, согласно програмската шема на МРТВ е наменета двочасовна програма на турски јазик.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Не можам да ја прекинам седницата заради програмската шема на МРТВ, туку програмската шема на МРТВ треба да се прилагодува на нас. Работите се обратно поставени. Се надевам дека ќе ги решат тие проблеми. За нив и преска разговаравме.

Продолжуваме со дебата.

Никој не бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на декларацијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 79 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Декларацијата за улогата на Собранието на Република Македонија во парламентарната димензија во процесот на стабилизација и асоцијација.

Минуваме на точката 11 - Предлог за донесување на закон за стопанска комора на Македонија.

.-

Предлогот за донесување на законот, Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Чедомир Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Пред нас се наоѓа Предлогот за донесување на закон за стопанска комора на Македонија и начелно би кажал неколку зборови во врска со предложениот предлог на закон, што се однесуваат на правото на здружување на стопанските субјекти во стопанска комора.

Имено, законот што претходното парламентарното мнозинство го донесе во 2002 година овозможуваше право на стопанските субјекти да се здружуваат во стопанска комора ако најмалку 50 правни или стопански субјекти се здружат во асоцијации и основаат стопанска комора. На тој начин се овозможи едно долгогодишно или повеќедецениско неправо, немање на можност стопанските субјекти да се здружуваат во стопански асоцијации, да се исправи и да можат ете така, најмалку 50 стопански субјекти да се договорат, да ги најдат своите заеднички интереси и да се здружат во стопанска комора за одредена стопанска гранка.

Меѓутоа, со сегашниот предлог на закон се што беше постигнато после толку децении, би рекол на една монополска положба на Стопанската комора на Македонија, да се фрли во вода и повторно да се вратиме на старото решение кога само постои би рекол една асоцијација на здружување на стопанските субјекти на Република Македонија.

На тој начин прокламираното начело на слобода на здружување на стопанските субјекти во асоцијации што ќе ги поддржуваат и унапредуваат правата на стопанските субјекти, како на внатрешниот пазар, така и во меѓународните релации на надворешните пазари се депласира и се враќа едно старо начело, би рекол анахроно, кога таа декларација на слобода на здружување на стопански субјекти преминува во една сува декларација. Имено, и покрај постоењето на таа декларација, на тоа право на стопанските субјекти да избираат начини на здружување, тоа со новиот предлог за закон за стопанска комора се ограничува и се нуди концепција на само една стопанска комора на ниво на Република Македонија.

На тој начин иако постои декларативна можност - слобода на здружување на стопанските субјекти, таа практично се ограничува на една стопанска комора

.-
односно тоа право се претвара во сува декларација, а праксата е ако не се здружиш во таа стопанска комора што се нуди, тогаш остануваш надвор од организацијата или надвор од родот. Со сите ризици да не ги уживаш бенифициите што ги нуди правото на здружување во стопанска комора.

Мислам дека овој концепт на избор на една асоцијација или една стопанска комора на ниво на Република Македонија е погрешен. Во понатамошните фази од донесувањето на овој закон треба предлагачот да ги разгледа сите можни опции на здружување во асоцијации, дали ќе појде од концептот одреден број на стопански субјекти да формираат сопствена стопанска комора или да ги ограничи однапред на одреден број  на 4, 3, на 5 стопански комори на Република Македонија според гранките на дејноста и според афинитетите на стопанските субјекти. Треба да се разгледа и таа опција, па да го прифатиме најдоброто решение.

Инаку, мислам дека ова е чекор назад во однос на претходниот закон и како таков чекор треба да биде надминат, односно предлагачот да се корегира и да прифатиме некоја друга опција.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Краљевски.

Има збор господин Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници од Владата,

Имајќи предвид дека Предлогот за донесување на закон за стопанска комора го гледаме во прва фаза, односно потреба од донесување на ваков закон, би сакал да дадам мој придонес во она што сметам дека не е доработено и не е најдобро направено во овој закон, што му фали и што треба  кое нешто би требал предлагачот при предлагањето за донесување на закон за стопанска комора да ги има предвид.

Имам исто размислување како претходниот дискутант дека, како што е поставено во овој предлог се оди чекор назад, бидејќи не е доработена формата на ваков начин каков што предлага една комора, што може да има и предност за Република Македонија ако има едно врвно тело. Но, предлагачот не ги решил сите потреби или недостатоци на овој предлог на закон бидејќи истиот кажува дека Стопанската комора, во истата можат да се здружуваат правни и физички лица, што е многу малку разработен тој дел. Во Република Македонија, ако земеме едно

.-
согледување, физички лица кои се занимаваат со стопанска дејност,. може да има и преку 100 илјади, 200 илјади. Тоа се луѓе кои се занимаваат со производство на тутун, со лозарство, било која дејност како индивидуалци. Сметам дека тие никогаш не би имале можност како физички лица да се здружуваат во комората.

Исто така, оваа одредба што се дава во членот 2 од Предлогот, истата е контрадикторна со самиот член 4 каде што укажува како се формираат органи на комората. Пак се зборува за некои здруженија, што произлегува дека не би можело да стои и физички лица туку треба да стои здруженија. Може да се разработи и овој концепт, бидејќи на ЗПК имавме излагање од претставникот на Владата по овој закон, дека такви концепти постоеле во Словенија и другите западно европски држави, се покажале како продуктивни. Во тој дел и во колку одиме треба далеку повеќе разработување и на регионалното здружување на стопанствениците, па и физичките лица здружување по асоцијации на гранки на производство и би можеле само тие такви да се здружуваат во стопанската комора, каде што би имало место и за нивно директно учество преку нивни претставници. Инаку вака, кога би се здружувале индивидуалци, не би можел ниту еден нивни член да биде во органите на управувањето. Затоа. во тој дел предлагачот треба малку да размисли, да биде порационален, тоа што може да се оствари утре кога ќе биде донесен законот.

Исто така, би сакал да укажам да се направи интервенција каде што се зборува за органи на управување, каде што се остава дека тоа исклучиво ќе биде решено со статутот на комората, сепак сметам дека треба да постојат одредени законски овластувања или задолжувања на кој начин и кој може да биде претставен во тие органи на управувањето како не би дошло утре, со донесувањето на законот, собранието на комората да го сочинуваат лица исклучиво од една гранка, а другата гранка да биде сосема занемарена. Тогаш, законот ќе биде само формален, а не да има некаков корист Република Македонија од унапредување на стопанството.

Сметам дека треба да стои одредба дека Собранието го сочинува број на членови и ако не се дефинира каков број, да бидат застапени од сите гранки на стопанството што постои во Република Македонија.

Би сакал да укажам на фактот, на самото име на законот, дали треба да биде закон за стопанска комора или за трговска комора, што би кореспондирал и со самиот Закон за трговските друштва, бидејќи ние немаме закон поинаков за стопански субјекти, како што имаше порано Закон за претпријатија или за стопанство. Во тој дел треба предлагачот малку повеќе да размисли дали името треба да остане како стопанска комора или трговска комора.

.-

Јас би ги кажал тие поначелни забелешки што ги кажав и на Комисијата, за кое што мислев ќе биде од корист за предлагачот, при предлагање на законот малку да оди со поголема ширина и со поголема практичност да законот, навистина биде спроведен и го активира нашето стопанство и стопанските субјекти за вистинско членување во неа и за вистинско изборување, да се изборат за правата и она што ги интересира во работењето.

Јас би имал толку.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитуван претседателе, почитувани пртеници,

Сите знаеме дека економските субјекти што извршуваат една одредена дејност може да се здружат на два начини, на доброволен и на обврзен или законски начин.

Кај нас, во Република Макеоднија, како еден од доброволните начини на здружување на економските субјекти е таканареченото интересно здружување во интересни здруженија чие организирање е предвидено со Законот за трговски друштва. Кај доброволното здружување на економските субјекти ги сметаме економските комори, чие дејствување е предвидено со законот за стопанска комора.

Сите знаеме дека за прв пат во Република Македонија е донесен таков закон во 1990 година, закон што бил централизиран, додека во 2002 година е донесен еден друг закон, таканаречен закон за економските комори во кој имало неколку економски комори. Додека со Предлогот на закон за кој што станува збор, со Предлогот на закон за донесување на закон за Стопанска комора се предвидува основање на една стопанска комора. Тоа значи повторно враќање на претходните избори, на основниот закон за стопанските комори донесен во 1990 година.

Во ЗПК за овој предлог на закон ги дадов моите забелешки и ќе се обидам кратко да ги повторам овде.

Првенствен сметам дека на ниту еден начин стопанските комори не можат да се сметаат или дефинираат како деловни асоцијации, така како што прави членот 1 од соодветниот закон.

Како второ, сметам дека зачленувањето во овие комори, значи правните и физички лица што можат да се зачленат во овие комори, треба да бидат обврзани и оваа обврска треба да произлезе од една законска норма што на дециден начин ќе предвиди кои субјекти ќе бидат обврзни да се зачленуваат во Стопанската комора.

.-
Ова не го прави членот 2 од Законот, член за кој што мислам дека е еластичен и предвидува една алтернатива. Значи, предвидува можност, стопанските субјекти во Република Македонија што ќе обавуваат одредена стопанска дејност да можат но и да не можат да се зачленуваат. Значи, не е законска обврска за членување. Нешто што е неоспорен факт, за мене лично не е во ред, затоа што јас погоре истакнав дека интересните заедници, и ако се оди со оваа дефиниција, тогаш се поставува прашањето која ќе биде разликата помеѓу овие здруженија и економската комора?

Под три, во член 17 од Предлог законот за кој станува збор, предлагачот предвидува децентрализација и наспроти фактот што со соодветниот член не може да се направи децентрализацијата, врз основа на пренесување на активностите и обврските во подрачните единици на истата комора. Сметам дека една таква децентрализација треба да се направи, но под услов, наместо единиците предвидени во членот 17, да се предвиди можноста за засновање на регионални стопански комори, така коко што се предвидува во многу држави во транзиција и развиени држави.

За ова што јас го кажав напред сум консултирал неколку закони за стопански комори кои ги имаме во државите во транзиција. Во овие држави децентрализацијата е направена врз основа на пренесувањето на активностите и функционирањето на стопанските комори. Пред мене го имам Законот за стопанска комора во Словенија, член 15-в каде се предвидува таа можност што ја кажав малку понапред. Истото решение го предвидува и Законот за стопанска комора на Хрватска и некои други држави во транзиција, а да не ги спомнувам и развиените држави. Значи, јас сум за децентрализација, со посредство на основање на три или четири комори на регионално ниво и една државна комора, економска комора.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Јашари, дозволете, како претседател на Собранието да Ве замолам, за закони кои се од економска природа да ја свикувате Комисијата и да дозволите луѓето кои се членови таму, да можат да се ги искажуваат забелешките. Тие нема каде да можат да си ги искажат своите забелешки.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитуван претседателе, сакам да Ве информирам дека после оваа седница Комисијата за економски прашања ќе почне да работи и се ќе биде во ред.

.-
НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Би сакала сосема накусо да се осврнам на овој Предлог за донесување на закон.

Прво сметам дека е извонредно значајно што се приоѓа кон регулирање на материјата, околу функционирањето на стопанските комори, затоа што светските искуства ни покажуваат дека тие комори во развиените земји, навистина се замаец на стопанскиот развој и на некој начин, да речам, го оркестрираат целиот стопански развој и ја помагаат меѓусебната соработка на различните стопански субјекти. Така што, апсолутно сметам дека е потребно да се регулира таа материја. Тоа треба да се направи според добри искуства во други земји.

Јас ја следев дискусијата на мојот претходен колега за предложениот начин на функционирање на Стопанската комора во Македонија, во иднина и притоа би сакала да го искажам својот став. Мислам дека на некој начин би требало да се обезбеди создавање, можеби и на друга стопанска комора, да не се ограничи само на една стопанска комора. Притоа не мислам на регионални стопански комори туку на стопански комори од различни субјекти, различни по големина.

Сакам да кажам дека во Република Македонија неколку години функционира проект за формирање на занаетчиска комора, со поддршка на Германската влада и занаетчиската комора од Коблен СР Германија, според кој и нашата држава требаше и треба да формира занаетчиска комора. Затоа мислам дека би било добро на некој начин да бидеме координирани и доколку веќе функционира таков проект во државата и до колку тој е поддржан од највисоко ниво веројатно би требало тие сознанија на некој начин да се вклучат и во новиот предлог закон кој ќе биде донесен во нашево Собрание, на некоја следна седница. Но, во секој случај добро е што сега законот оди во повеќе фази, ова е Предлог за донесување на закон и верувам дека ќе има време да се вметнат и одредени проширувања на овој текст што овде е предложен.

Инаку јас лично не би поддржала формирање на регионални стопански комори затоа што Македонија е една, навистина, во европски рамки, релативно мала земја и мислам дека би требало да одиме на тоа, стопански субјекти по разни други основи, според видот на дејноста, или според големината на претпријатијата, да се групираат и да си ги наоѓаат своите интереси. Токму во тој правец е и мојата

.-
сугестија, да се размисли околу занаетчиската комора која, веројатно би ги споила оние субјекти кои се слаби по својата финансиска моќ, меѓутоа, имаат многу специфични интереси кои ги врзуваат и во една вакво коморско работење тие навистина би зајакнале и би биле од значаен придонес за развој на малите претпријатија, што впрочем, е и дел од стратегијата на нашата Влада.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на Закон за стопанска комора на Македонија.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за економија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 50 за 3 воздржани и 5 против.

Ги молам службите да утврдат број на присутни пратеници во салата.

Ако има пратеници кои ја напуштиле салата нека влезат.

64 пратеници се присутни во салата.

Гласањето ќе го повториме.

Ве повикувам да гласаме.

63 пратеници гласале, 55 за, 3 против и 5 воздржани.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

И се обраќам на Владата на Република Македонија особено да го има предвид вториот заклучок, со оглед на тоа што сите пратеници имаат една иста забелешка на Предлогот за донесување на законот.

**Преминуваме на 12-тата точка од дневниот ред - Предлог на Национална концепција за безбедноста и одбраната.**

.-

Предлогот на Националната концепција и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Националната концепција за безбедност и одбрана.

Согласно Деловникот расправаме по текстот на Предлогот на Националната концепција за безбедност.

Комисијата за одбрана и безбедност поднесе амандмани на воведот, точка 1, 2 и 3, на воведот за заменување на редоследот на точките 2 и 5, Глава И точка 7 став 2 алинеа 3, став 2 за менување на редоследот на алинеите 1 и 4, став 3 за менување на редоследот на алинеите 1 и 2 и на став 3 за додавање нова алинеа 6 по алинеата 5, Глава ИИ, точка 10 став 2, на Глава ИИ, точка 22, став 2 за додавање нова алинеа 10 по алинеата 9, на Глава ИИИ, точка 26 став 2, за додавање нова алинеа 4 по алинеата 3, на Глава ИИИ точка 27 алинеа 10, Глава ИИИ точка 28 став 2, на Глава ИИИ точка 44 за додавање нов став 3 по ставот 2, Глава ИИИ став 2 точките 55 и 57, на Глава ИИИ ставот 4 точка 56 и 54 и за менување на редоследот на точките 56 и 54, на Глава ИИИ точка 57 и Глава ИВ за издвојување на ставот 2 во точка 66, на нова точка 67, со кои се согласил претставникот на Владата и сите тие се составен дел на текстот на Предлогот на концепцијата.

Со оглед на тоа што сите амандмани се прифатени од Владата, продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на Националната концепција за безбедност и одбрана.

Молам кој бара збор по текстот на предлогот.

Има збор господинот Благој Голомеов.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, почитувани колеги пратеници,

Дозволете ми да го изнесам својот став и ставот на ЛДП во врска со Националната концепција за безбедност и одбрана.

Пред нас се наоѓа документ кој пошироката македонска јавност го очекува веќе подолго време.

Пред се, сакам да го изразам своето задоволство што конечно можеме да дебатираме конкретно, за еден од најважните стратегиски документи на Република Македонија. Токму поради нагласеното значење на Концепцијата, а и

.-
поради фактот што се однесува на најсуптилното и во овој момент најсуштествено прашање за државната безбедност, во нејзиното изготвување и расправата по неа, беа вклучени експерти од одбраната и безбедноста.

Јасно е дека е голема потребата од дефинирање и определување на основните стратегии и политики на системот за национална безбедност и тоа од повеќе причини:

Најпрвин овој документ е потребен како основен акт и еден вид на Устав за сите понатамошни оперативни акти и документи кои ќе ги донесуваат и по кои ќе работат државните органи, што се однесуваат на безбедноста на Република Македонија.

Понатаму, со прецизно дефинирање на концептот на националната безбедност и интереси, како и на политики што државата ќе ги спроведува во тој правец, се спречува произволноста, субјективноста и во најмала рака недосволената сериозност во пристапот на тој план.

Верувам дека со усвојувањето на Концепцијата, таа ќе биде во извесна смисла, одредница за сите идни активност на полето на безбедноста и дека од неа нема да се прават отстапки, водени од дневната политика, погрешните проценки или непрофесионализмот во работењето.

Темел на Националната концепција за безбедност и одбрана се националните вредности и интереси на Република Македонија, утврдени со темелните вредности на Уставот на Република Македонија.

Овој документ јасно го утврдува односот на државата кон својата независност, сувереност и безбедност, ги утврдува трајните државни определби во тој правец.

Концепцијата на прецизен начин ги дефинира трајните, виталните и важните интереси на Република Македонија, како и насоките и инструментите за водење и остварување на политиката на националната безбедност.

Последниот сегмент од структурата на текстот на документот, сметам дека има посебно значење, од причина што ги утврдува насоките на државните органи, со ингеренциите во сферата на безбедноста и одбраната. Значи се даваат и генерални и стратешки поставени насоки за оперативните решенија на органите. Се разбира и координативната функција на Владата на Република Македонија. Тука би дополнил дека своја одговорност има и Собранието на Република Македонија. Нашата одговорност се простира по најмалку две линии:

.-

Првата е во однос дебатата и конечното донесување на Националната концепција како документ.

Втората, можеби и посуштествена и контролата што Собранието ја врши врз Владата, согласно уставните надлежности што ги има. Тоа значи дека Собранието треба будно и континиурано да ја следи работата на Владата, врз база на стратегијата која ќе ја донесе Собранието, а што најважно контролата врз Владата за доследно, сериозно и одговорно да се придржува кон правците утврдени со овој документ. Секаков обид за импровизација или драстично скршнување од овој курс може да има последици по безбедноста на државата, од големи размери.

Од изнесените причини, заклучувам дека се работи за издржан и концизен документ. Неговата структура е ретко добро разработена од страна на предлагачот, што беше основа документот да го издржи судот и оценките на поширокаta стручна и научна јавност. Потребата од неговото донесување е неминовна за да се излезе од концептуалната празнина што постои од осамостојувањето на Република Македонија до денес.

Со амандманските интервенции од страна на надлежната Комисија за одбрана и безбедност се врши допрецизирање и подобрување на текстот на концепцијата.

Изјавувам дека ќе ја поддржиме и како пратеничка група ќе гласаме за донесувањето на оваа Национална концепција за одбрана и безбедност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Никола Апостолов.

НИКОЛА АПОСТОЛОВ:

Почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Во изминатите години често се зборуваше дека Република Македонија нема стратегиски документ во кој ќе бидат дефинирани националните интереси во областа на безбедноста и одбраната на Република Македонија. Конечно денес пред пратениците се наоѓа еден таков основен документ, Националната концепција за безбедност и одбрана на Република Македонија.

Морам да го изразам моето задоволство од содржината на документот каде се испочитувани Уставот и законите и развојот на мултиетничкото општество, засновано врз меѓусебна доверба, заеднички напори и стремеж на сите етнички заедници за стабилен и сестран напредок на државата.

.-

Во документот се опфатени и дефинирани националните интереси, како трајни, витални и важни. Меѓународното опкружување и положба на Република Македонија каде јасно се укажува дека Република Македонија не може сама да ги реши транснационалните опасности без помош и соработка со своите соседи и Меѓународната заедница. Безбедносните можности, безбедносните ризици и опасности се точно определени и целосно конкретизирани. Во политиката на национална безбедност определена е основната и долгорочна цел на Република Македонија и се дадени мерките и активностите за остварување на истата, насоките за водење на политиката на Националната безбедност на републиката и областите и инструментите за остварување на политиката на Национална безбедност. Посебно се утврдени обврските на Владата на Република Македонија за донесување на интегрална стратегија за национална безбедност на Републиката и на претседателот на Републиката, за иновирање на постојната стратегија за одбрана на Република Македонија.

Исто така во документот дефинирана е, надворешната, економската, одбранбената политика и политиката на внатрешна безбедност и заштита на животната средина.

Посебно за одбележување на овој основен документ е делот наменет за менаџментот со кризи кој е конкретно дефиниран во основни целини и се определени раководителите и нивните надлежности и потребата од нивно уредување со закон, во поставувањето на единствен комуникациски информативен систем, со единствен број на повик односно јавување во случај на ризици, опасности и други несреќи на целата територија на Република Македонија.

Исто така, во националната концепција за безбедност и одбрана на Република Македонија се дадени основите и насоките за развој на одбраната со една единствена цел, преструктуирање и приспособување за наше членство во НАТО, притоа уважувајќи ги и имплементирајќи ги нормите и стандардите на НАТО. Од овие изнесени консултации ќе го поддржам предлогот за национална концепција за безбедност и одбрана на РМ.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, на Република Македонија, почитувани пратеници,

Би сакал како член на Комисијата за безбедност и одбрана да ги изнесам своите размислувања во врска со националната концепција за безбедност и одбрана на Репбулика Македонија. Предложената национална концепција за безбедност и

.-
одбрана на Република Македонија е документ со особена важност за РМ. Со неа се дефинираат државните интереси и политиката на РМ во наредниот период на полето на безбедноста и на одбраната. Исто така, се утврдуваат интересите, состојбите и намерите на РМ за ефикасно остварување на националната безбедност и одбрана како и насочување на целокупниот потенцијал на државата во реализација на овој документ.

Јас би сакал да истакнам дека е добро што се изготвува овој документ, меѓутоа воедно да укажам на тоа дека во изготвувањето на овој документ не беа вклучени луѓето кои што имаат сознанија од оваа област и можат да дадат свој допринос во квалитетно изготвување на оваа национална концепција т.е. на вклучување на научната мисла. Таа беше вклучена, меѓутоа, дури откако документот дојде на Комисијата за одбрана и безбедност притоа дадоа свои забелешки. Сметам дека процедурата беше во ред од Комисијата  па наваму. Добар дел од забелешките од релевантните научни институции беа вклопени во измената на националната концепција. Меѓутоа, сметам дека глобално пак остана истиот концепт , мислам направени се некои предвидувања, меѓутоа, не е до крај испочитувано да бидат одобрени како што сметам дека би требало да бидат.

Сакам да кажам и некои конкретни забелешки, а тоа е дека текстот на националната концепција е преобемен и доаѓа до повторување на одредени стабвови,  обременет  е со непотребни фрази и нема логичен редослед да се добие логична престава за  начините на разрешување на состојбата. Исто така, избегната е основната причина за дестабилизација на Република Македонија во 2001 година како и активностите на националната безбедност за отстранување на последиците и спречување на повторен воен конфликт. Имено, ниту збор не е кажано за причините, а особено за последиците од конфликтот во 2001 година. Исто така, не е спомната ниту можноста за повторување на конфликтот, туку се вели дека во догледна иднина на РМ не и прети опасност од воена агресија. Интересот на државата е враќање  под целосна контрола на кризните подрачја на кои се водеа воени дејствија преку дијалог и разговори и интеграција на месното население и локалните власти и владеење на законот, правото и правната држава, враќање на соживот на сите раселени лица во своите домови македонци и албанци во кризните региони што особено ќе придонесе за стабилизација на РМ и за подобрување на нејзината безбедност и одбрана. Одлучно да се спротивставиме на создавањето на етнички чисти средини во кои пред кризата се живеело заеднички, исто така, одлучно справување со вооружените криминални групи кои го тероризираат населението.

.-
Исто така, треба да се дефинираат безбедносните ризици со останатите соседи кои ја опкружуваат РМ како и намерите за соработка и заедничкото делување со овие соседи за да се отстранат овие ризици. Исто така, активностите и мерките на државата во случај на прогласување на вонредна состојба воопшто не се опфатени иако би можеле да се нацртаат главните правци и насоки за дејствување на државата во зависност од причините за прогласување на вонредната состојба. Ова од аспект на утврдување на главните правци на дејствување на државата, во отстранување на причините и последиците поради кое дошло до вонредната состојба. Исто така, недефинирање на улогата на полицијата во одбраната на РМ во воени и вонредни состојби. Силите на полицијата за безбедносно покривање и контрола на територијата и значајните објекти, стопански, државни, културни и безбедносни. Силите кои можат да се придодадат на Армијата на РМ како помош во воените дејствија, нивната компатибилност со организацијата и функционирањето на Армијата на РМ како и потребните ресурси од резервниот состав на полицијата обучен за извршување на конкретни безбедносни и одбранбени задачи. Делот во одбраната е обременет со многу повторувања и со содржини што се изнесени во годишната програма на РМ за членство во НАТО.

Покрај сето ова ние ќе ја поддржиме националната концепција за безбедност и одбрана на РМ. Со тоа сакаме да дадеме свој допринос во стабилизација на безбедноста и одбраната на РМ. Се надевам дека овие забелешки ќе се земат во предвид при изготвување на интегрираната стратегија за национална безбедност на РМ, која согласно на оваа национална концепција треба да ја изготви Владата на РМ како и стратегијата за одбрана на РМ која што треба да ја ажурира, да ја дополни, да ја измени претседателот на РМ.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Почитуван претседателе почитувани претставници на Владата, почитувани колеги,

Конечно пред парламентарниот состав на овој состав на Парламентот на РМ по 12 години се наоѓа еден коренит да речеме есенцијален документ кој што ги регулира определбите , визиите и желбите на оваа држава за прашањето за регулирање на концептот, националниот концепт за безбедност и одбрана на РМ. И во текот на работата на матичната комисија и денес нагласуваме дека како документ беше многу потребен, неопходен од причина што на највисоката инстанца на државата, односно во законодавството се определуваат инструменти за реализација на безбедноста и одбраната на РМ. И она што треба да се нагласи во споредба со

.-
слични документи од бившата држава на која и припаѓавме и од определбите на привремениот документ од 1998 година односно воената стратегија на РМ за разлика од тоа е во изворите на опасностите кон РМ се исклучува албанското население, односно можноста потенцијална опасност, или посебна опасност да бидат албанците како што беше определување порано со претходните документи. Она што треба да се нагласи исто така како посебни интереси определени се дефинирани долгорочните интереси на РМ во согласност со Охридскиот договор, односно зачувувањето на суверенитетот и интегритетот на РМ. А, како витален интерес посебно се нагласува изградбата на мултиетничко општество што треба да придонесе за зголемувањето на меѓусебната доверба и врз основа на сето ова зголемувањето на нивото на безбедноста во РМ. Она што треба исто така да се нагласи во позитивен аспект во определувањето на овој документ е конечно РМ се определува за интегрирање на сите свои граѓани во сите структури и на сите нивоа што се однесува до безбедноста и одбраната на РМ. Но, сакам да нагласам дека она што останува и што ние како законодавен дом, или пак како законодавна власт треба да водиме сметка е прашањето за формирање на центар за менаџирање со кризи, центар принципиелно и начелно е во ред, но структуирањето на овој центар и определувањето на неговите задачи т реба да се определат со посебен закон. Треба да се води сметка за преплетување на ингеренциите на слични институции кои што се уставна категорија, а кои се однесуваат со институцијата претседател на држава, со институцијата Министерство за одбрана, со институцијата претседател на Влада и другите структури за одбрана и безбедност.

За време на дебатата во Комисијата за одбрана овие прашања ги разгледувавме и ставовите на соодветната комсиија на матичната комисија се дека сите овие дилеми ќе се решат и ингеренциите ќе се определат врз основа на Законот кој што треба да следи по усвојувањето на националната концепција за безбедност и одбрана на РМ. Во овој правец, во оваа насока јас верувам дека сите овие недостатоци ќе се елиминираат и конечно како концепт, како документ е прифатлив и ние како парламентарна група ДУИ ќе го поддржиме овој документ и веруваме дека потребната контрола од законодавната власт штот реба да се пренесе и за време на усвојувањето на националната стратегија за безбедност и стратегијата за одбрана која што треба да ја усвои со закон државата ќе ја има контролата врз реализацијата на оваа доктринарна концепција.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

.-

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на националната концепција за безбедност и одбрана го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе националната концепција за безбедност и одбрана.

Минуваме на точката 13.

Предлог на програма за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2003 година.

Предлогот на програмата, мислењето на Владата и извештајот на Комисијата за култура Ви се доставени и поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Програмата.

Дали некој бара збор.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА:

Почитуван г-дине претседателе, почитувани колеги пратеници, колешки пратенички, денеска на дневен ред точка 13 - ја имаме програмата за одбележување на значајни настани истакнати личности во 2003 година со која што се определуваат годишнините на значајни настани и истакнати личности од посебно значење за државно-правниот развој на РМ, афирмација на нејзиното историско и културно наследство и негување на општо цивилизациските вредности. Самото донесување на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности во 2003 година во средината на годината, во јуни може би ве доведува во недоумица затоа што половина од годината е помината голем број настани и личности кои што требаше да се одбележат во првата половина на годината веќе се изминати. Меѓутоа, за тоа секако има образложение, а тоа е пред се фактот што Комисијата за култура под чија надлежност е одбележувањето на значајни настани и личности во 2003 година се формира дури во декември 2002 година и веднаш пристапи кон испраќање на критериумите за релевантни и знасчајни институции од научната и од културната сфера и до поединци да испратат предлози за одбележување на значајни настани и личности во 2003 година до Комисијата. Првиот рок беше до 25 декември и потоа беше два пати пролонгиран до крајот на месец јануари до кога стигнаа голем број на предлози заради големиот интерес и на институциите од

.-
областа на културата и од науката и од поединци, бидејќи како што знаете минатата година ваква програма воопшто не беше донесена. Затоа интересот за овогодишната програма беше навистина голем и голем број предлози беа пристигнати до крајот на месец јануари. Истата комисија за култура во месец февруари од оваа програма која што веќе ја подготви го оддели одбележувањето на сто годишнината од Илинденското востание, Крушевската Република, смртта на Гоце Делчев и други значајни настани. Некој тука ме праша претходно дали Смилевскиот конгрес влегува во тие одбележувања, токму така. Значи, во една група настани и личности кои што беа одделени во стогодишнината од Илинденското востание и за кое што потоа се формира одбор и во текот на оваа година се прославува. Така што Комисијата за култура во чија надлежност спаѓа и одбележувањето на значајни годишнини и настани во 2003 година до крајот на април ја заврши својата работа и едногласно предложи 27 значајни настани и личности да бидат одбележани во оваа 2003 година.

Потоа, беше целата програма доставена до Владата на РМ која што даде свое мислење и сега таа се наоѓа пред вас. Би сакала да кажам дека програмата за одбележување годишнини и значајни истакнати личности во 2003 година беше едногласно прифатена од сите членови на Комисијата кога беше донесена, а во Комисијата членуваат претставници од сите политички партии од различни етнички заедници. Според предлогот на првата страна можете да видите дека од различни политички партии и од различни етнички заедници оваа програма беше прифатена. Исто така Владата на РМ не достави никаква забелешка на предлогот на програмата кој што и беше доставен. Така што денеска ние го имаме овој текст овде кој што ние претходно го предложивме. Во меѓувреме на седницата која што ја одржавме на 5 јуни о.г. Сојузот на борците даде една забелешка која се однесува на точката 19, “на 60 години од првите слободни територии” тие побараа во првата алинеа наместо “60 години од ослободувањето на првиот град Кичево” да биде “60 години од ослободувањето на првите градови Дебар и Кичево 1943 година” што Комисијата после проверка го прифати и исто така прифати во неколку точки покрај другите носители на акциите да влезат и сојузот на борците и тоа во точка 13, 14, 16, 17 и 19 каде што покрај останатите носители најчесто Владата на РМ и Институтот за национална историја е и Сојуз на борците од НОБ на РМ. Предлогот беше едногласно прифатен од Комисијата , бидејќи нема забелешки од Владата. Би сакала да укажам дека навистина е потребно да ја поддржиме оваа програма и Собранието да ја донесе на денешната седница, се разбира со една забелешка која

.-
што би сакала тука да ја дадам, дека Комисијата за култура би требало веќе од есента да започне со подготовките за одбележување на значајни настани и личности во 2004 година, бидејќи подготовките би требало да завршат до декември 2003 година за да можеме да ја подготвиме Програмата на време и да не ни се случи како оваа година половина од значајните настани да бидат веќе поминати во одбележувањето.

За личностите и настаните кои се овде предложени се придржувавме на критериумите кои ги донесе Собранието на Република Македонија со Одлука од 1998 година, и покрај овие критериуми кои ги кажав да бидат од особено значење за државно-правниот празвој на Република Македонија, да претставуваат афирмација на нејзиното историско и културно наследство и негувањето на општоцивилизациските вредности, постојат и критериуми кои се однесуваат хронолошки кој во која рамка може да дојде и бидејќи сите критериуми се и овде застапени, би сакала навистина да ви предложам Програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и личности во 2003 година да ја прифатите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господин Михајловски.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, ќе бидам сосема краток,

Како што истакна и претседателката на Комисијата, во Комисијата имавме едно усогласување од неколку месеци, што не би сакал да се појавува во натамошната работа на Комисијата. Единствено охрабрување што после две години Комисијата му предлага на Собранието на Република Македонија една значајна програма, со која се одбележуваат настани и личности значајни за историјата на македонскиот народ.

Она што посебно сакам да го потенцирам дека Програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и личности во 2003 година, во основа, ги определува годишнините на значајните настани и истакнати личности од посебно значење за државно - правниот развој на Република Македонија, кои го афирмираат нејзиното историско и културно наследство, како што беше кажано, а од кои поголемиот дел како општо цивилизациски вредности ги надминуваат границите со своето значење и се приопштуваат кон поширокиот мултикултурен простор како наша самосвојност и посебност, но и како општочовечки вредности.

.-

Програмата според идеите и целите е во функција на сопственото грандиозно минато во потрага по историскиот и културниот интегритет на државно-правниот развој на Република Македонија, а со тоа е свртена и кон иднината. На територијата на Република Македонија се испреплетуваат влијанијата на повеќе култури кои оставиле траги во материјалната и духовната култура на населението во нашата културна и духовна архитектоника. Токму оваа определба доаѓа до израз во Програмата што ја нудиме денес на усвојување на Парламентот.

Во тие 27 точки, со кои е конципирана Програмата, можам да кажам дека културно - просветни дејци и културни настани се 11, настани значајни за државно-творечкиот и историскиот развој на Република Македонија се 10 и историски настани со одредено значење се шест.

Треба да се одбележи дека во Програмата е почитувана реалноста на мултиетничност и мултикултурност, така што за прв пат во една програма, колку што ми е познато, се појавуваат и четири точки кои се значајни за културниот идентитет на етникумите во Република Македонија, кои со своето значење и хуманистичка порака ги надминуваат границите на етникумот и со пошироко влијание врз вкупната македонска традиција и култура.

Впрочем, ваква програма треба да се поддржи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Не мислев да се јавувам за дискусија, но после дискусијата на моите колеги од Комисијата за култура и она што го видов како предложена програма, мислам дека програмата за поголем дел од овие прослави кои треба да се одржуваат оваа година веќе е помината. За жал, мислам дека оваа година се слават 100 години од Илинденското востание, но како што славиме и како што почнавме да се организираме мислам дека ќе биде програмата и за 101 годишнина, отколку за 100 години, затоа што многу од тие прослави поминаа, почнувајќи од Смилевскиот конгрес, а пред тоа одлуките за востанието, смртта на Гоце Делчев и многу други активности. Останува уште Илинденското востание, за кое со Програмата што беше донесена или која што треба да се донесе за прославата и големата прослава на 2-ри август во Крушево, гледам дека и таму имаме проблеми како сето тоа да го организираме.

.-

Но, гледајќи ја сета оваа Програма, еве, веќе е јуни месец, додека се донесе ќе дојде јули месец, оваа програма за мене - колешката Елеонора Петрова-Митевска кажа дека Комисијата е формирана во декември месец, а веќе сме 12 јуни, значи веќе поминаа шест месеци од формирањето на Комисијата и за сите овие личности што ги имаме пред нас и сите настани кои се случувале во историјата на македонскиот народ, дека сигурно овие настани се познати и дека толку време за да се оценат критериумите и важноста за вкупното македонско живеење мислам дека не беше потребно. Значи, секогаш ќе треба да се реагира многу побрзо и попрецизно и да не доаѓаме во вакви ситуации нешто да славиме кога е веќе поминато. Како сега ќе се вратиме за месец февруари, март или за други прослави кои што требаше да ги одржиме до сега.

Затоа, уште еднаш до Комисијата и Владата на Република Македонија останува многу кратко време, денес е веќе 11 јуни, значи имаме уште не цели 50 дена до централната прослава. Затоа, да не се случи повторно да задоцниме и дека можеби наредната година ќе бидеме во состојба да бидеме тие што ќе го прослават Илинденското востание, макар да биде и 101 годишнина.

Затоа, ова што е предложено од Комисијата веќе е задоцнето, ние треба да го поддржиме, за она што следи понатаму, што треба како настани да бидат прославени до крајот на годината, но уште еден апел, уште сега да се побара, затоа што 2004 година, многу настани веќе сега се знаат кои се и што се и да се сработи, ако мислиме генерално да направиме нешто за да се сеќаваме воопшто на нашите културни дејци, на нашите револуционери, затоа што на ваков начин им се оддолжуваме многу погрешно и јас незнам какво оправдување ќе имаме пред луѓето кои требаше до сега да ги прослават сите овие работи, без оглед дали тоа беа одреди или движењето во Втората светска војна или Кресненското востание или незнам кои други настани се случиле.

Затоа, уште еден апел, ова да биде последен пат на ваков начин да се донесува нешто кога поминавме повеќе од половина година, а да донесуваме програма за тековна година. Затоа, уште еднаш велам, треба да се седне и да се сработи нешто подобро.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Јордановски.

.-
ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитуван господине претседателе, почитувани пратеници,

Веднаш би сакал пред сите овде јавно да ја искажам мојата среќа и гордост што ќе гласам за една ваква точка, Предлог на програма за одбележување на годишнини и на значајни настани и личности во 2003 година, бидејќи сум горд што постојат луѓе и личности што го задолжиле човештвото не само на овие простори, бидејќи се тоа дејци кои се надвор од времето и надвор од просторот.

Но, некој да не ме сфати погрешно, би сакал една мала забелешка и предупредување. Без разлика што е тоа далечна временска дистанца, многу би бил несреќен ако за 200 години јубилеј за овие настани се појави името на господинот Борис Трајковски, бидејќи тој треба да поднесе оставка, затоа што ја злоупотребил фукцијата претседател и со аболицијата на госпоѓица Доста Димовска ги навредил граѓаните и ги погазил нивните права.

(Краток аплауз)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Морам да ви признаам дека сте, ако ништо друго, упорен и доследен.

Госпоѓа Петрова ќе добие преку ред збор, затоа што е предлагач.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА:

Не, јас имам реплика за господинот Спиро Мавровски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сега јас ви давам збор, вие не сакате.

Тогаш, има збор господинот Хусеинџеват Хусеини.

ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАТ:

Почитувани колеги, се радувам што пред нас е Програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и личности во 2003 година. Тука, покрај другото, ќе најдеме и две имиња на албанци. Мислам дека и други личности албанци заслужуваат да се одбележат јубилејно оваа година, но тоа нека биде една забелешка за годините кои следат.

Јас имам една забелешка сериозна. Македонија е мултиетничка држава и овде навистина нема да се прикажам како адвокат на другите заедници, но секако

.-
треба да се најде место и за јубилеј на други заедници кои живеат во Република Македонија. Ова е една слабост која во наредните години ќе се подобри.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Петрова, сега ќе си го земете правото на реплика.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА:

Да, сега ќе го земам правото како збирен коментар.

Прво, на господинот Мавровски. Очигледно, не следеше внимателно, бидејќи јас кажав дека во месец февруари го одвоивме одбележувањето на 100-годишнината на Илинден, за што се организираше и посебен одбор, кој што ги презеде случувањата и одбивањата за 100-годишнината од Илинденското востание. Тука влегуваат делумно тие настани кои што тој ги спомена.

Што се однесува за останатите, за кои е поминато времето, дадов образложение зошто е тоа така, бидејќи подготовката траеше до крајот на јануари, во февруари го оделивме Илинденското востание и на крајот на април ја донесовме Програмата. Со оглед на тоа дека почнавме во декември, не можеше побрзо да се работи и господинот Мавровски не може да очекува дека одлукат која што ќе ја донесеме денес, утре ќе може да се реализира. Кажав, но очигледно не следеше кога зборував, дека со подготовките за 2004 година ќе почнеме во септември 2003 година, за да можеме до крајот на 2003 година да ја имаме направено програмата за 2004 година.

Што се однесува до коментарот за предложените личности од другите етнички заедници, би сакала да кажам дека со жалење морам да констатирам дека предлозите кои беа дадени од турската етничка заедница, не се вклопуват во формалните критериуми кои ги имавме од Собранието на Република Македонија, така што ќе мора да причекаат некоја друга година, во која ќе одбележиме некои значајни дејци и настани од турската историја во Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика за господинот Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас мислам за госпоѓата Петрова немам ништо лично за да можеме да се убедуваме. Ова што го кажавте се е во ред, но мене ми е страв со тие комисии

.-
што ги формираме и со начинот на кој ги споделуваме работите и како ги работиме, кажав дека имаме само уште 50 дена до Илинденското востание, да не дојдеме во состојба да се извиниме дека и тоа го промашивме. Токму тоа ми беше дискусијата и јас сум свесен дека тие комисии се направени, исто како што ова сега го добиваме денес на седницата на 11 јуни. Факт е дека е така, дека половина од овие празнувања се поминати, а како ќе се договориме понатаму да го сработиме сето ова и ако треба да се извиниме за некои работи што поминале, тоа е наше, како пратеници, како Влада и незнам како што уште кон македонскиот народ, затоа што 100 години Илинденско востание мислам дека овој народ го чека 100 години, имаме во слободна и независна држава Република Македонија и ако сега таа прослава, како што гледам како тече во претходните шест месеци, ако продолжи со такво темпо, веќе ќе ја пропуштиме прославата на Илинденското востание, повеќе од очигледно.

Затоа, уште еднаш сите да се ангажираме малку повеќе овие настани и случувања што треба да се случуваат до 2-ри август да ги засилиме, затоа што ова се 100 години, нешто посебно, што покажува еден век од Првата македонска држава формирана на Балканот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Петрова.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА:

Само мошне кратко да кажам. Одборот за одбележување на 100 годишнината од Илинденското востание е посебна институција со свој претседател, господинот Борис Трајковски и на таа адреса ќе треба да се обратат за сите настани кои се врзани за ова одбележување.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Мојата интервенција би била повеќе деловничка и затоа се јавувам. Лично очекував вие, господине претседателе, да интервенирате деловнички, кога се дискутира нешто да се дискутира она што е точка на дневен ред, затоа што вака во

.-
Парламентот ни се јавува некоја нова пракса, поточно, двајца пратеници ни се издвојуваат кога е точка на дневен ред нешто сосема друго, да се зборува за нешто сосема друго. Така, го имаме господинот Даневски, кога на секоја седница бара да се реши проблемот со водата, независно која точка е на дневен ред, во Свети Николе и господинот Љупчо Јордановски кој по секоја точка го повикува претседателот да си поднесе оставка. Значи, за тоа требаше да реагирате вие деловнички, а од ова место би сакал само да укажам до господинот Љупчо Јордановски, бидејќи припаѓа на парламентарното мнозинство, ако толку му пречи господинот претседател не мора толку да го повикува да поднесе оставка, затоа што претседателот овде јавно на говорница, кога имаше можност тоа го каже, дека не помислува да поднесе оставка и ги кажа причините за неговата аболиција. Според тоа, господинот Јордановски може како член на парламентарно мнозинство, ако ништо друго, барем да го изгласа законот, оној кој беше за членот 11, кој толку храбро пратеничката група на СДСМ со тешко срце, но сепак го повлече.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Од овој момент имаме тројца кои бегаат од темата.

(Пратеникот Жарко Караџоски реагира со зборовите “деловнички треба да интервенирате”)

Да, деловнички.

Еве сега и господинот Љупчо Јордановски бара реплика на деловничка работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ние можеме да отвориме расправа, но јас можам да му докажам на господинот Караџоски дека моето споменување за оставка на господинот Борис Трајковски по секоја точка, по секоја тема има врска. Јас знам само пет. Еве, ви оставам време месец дена вие барем за една да се сетите, зошто по секоја точка, на секоја седница по било каква тема има врска моето споменување на Борис Трајковски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека веќе е 16,56 часот, има уште тројца дискутанти, очигледно денес нема да завршиме со оваа точка а има и други точки на дневен ред, со седницата ќе продолжиме утре во 10,00 часот.

.-

(Седницата прекина со работа во 16,56 часот)